Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 347, 1 јули 2024 година

јули 2024 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕХНОЛОГИЈА НА ОБЛЕКА И ТЕХНОЛОГИЈА НА КОНФЕКЦИЈА НА ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ...... **3**

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ФИСКАЛНА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ...... **21**

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАРКЕТИНГ И МАРКЕТИНГ МЕНАЏМЕНТ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ...... **39**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „РАДИОЛОШКА АНАТОМИЈА НА ЧОВЕКОТ” -СПЕЦИЈАЛЕН ДЕЛ ОД АВТОРИТЕ ДОЦЕНТ Д-Р ЈАСМИНКА ЧАБУКОВСКА-РАДУЛОВСКА И ДОЦЕНТ Д-Р ТАЊА ПЕТРОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ...... **48**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА КАМПУС 3** ...... **52**

**ПРЕГЛЕД**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА** ...... **52**

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски

Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски дипл. инж.
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
ISSN: 1857- 8497

**Р Е Ф Е Р А Т ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕХНОЛОГИЈА НА ОБЛЕКА И ТЕХНОЛОГИЈА НА КОНФЕКЦИЈА НА ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука 2302- 34/6 од 23.1.2024 донесена на 159. седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет, одржана на 23.1.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните области технологија на облека (22303) и технологија на конфекција (22305) на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ од 22.12.2023 година и во предвидениот рок се пријави:

1. Д-р Сашка Голомеова-Лонгурова, доцент на Технолошко-технички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Сашка Голомеова-Лонгурова е родена на 20.12.1983 година во Штип, Република Северна Македонија, каде што завршува основно и средно образование. Дипломира на Технолошко-металуршки факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на насоката *Конфекциско инженерство,* на 8.7.2008 година, со просечен успех 8,07. Во 2008 година се запишува на постдипломски студии на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје на насоката *Менаџмент на конфекциски процеси*, каде што на 28.6.2011 година магистрира со просечен успех 9,83 и се стекнува со академски статус магистер на технички науки од областа менаџмент на конфекциски процеси. Насловот на магистерскиот труд е „Селекција на добавувач и квалитет на помошни материјали во конфекциско производство“. Во учебната 2011/2012 г. се запишува на докторски студии на Технолошко-металуршки факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на студиска програма *Технологија на облека*. На 6.2.2019 год. ја брани докторската дисертација со наслов „Придонес кон подобрување на својствата на шевот во производство на облека” и се стекнува со титулата доктор по техничко-технолошки науки од областа на технологија на облека. Докторските студии ги завршува со просечен успех 9,86.

Д-р Сашка Голомеова-Лонгурова се служи со англиски јазик. Има сертификат за положен англиски јазик од Кембриџ ПЕТ тест за електронско полагање, со постигнато ниво B2 (според Council of Europe Level).

***Работно искуство***

Д-р Сашка Голомеова-Лонгурова од 2008 до 2011 година работи како лаборант на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Со Одлука бр. 2802-82/4 од 8.11.2011 година од Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет е избрана за помлад асистент.

Со Одлука бр. 2802-97/5 од 3.11.2014 година од Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет е избрана за асистент-докторанд.

Со Одлука бр. 2302-86/9 од 24.6.2019 година на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет е избрана во звањето доцент.

**Општи услови за избор:**

- *Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус* - Кандидатката има остварено просечен успех на додипломски студии од 8,07 и на магистерски од 9,83.
- *Да има научен степен доктор на науки од научната област за која се избира* - Кандидатката има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира: технологија на облека и технологија на конфекција.
- *Претходен избор во звање* - Со Одлука број 2302-86/9 од 24.6.2019 година на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет, кандидатката е избрана во звање доцент за наставно-научните области (22303) технологија на облека и (22305) технологија на конфекција.
- *Да има објавено најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со Законот за високото образование во последните пет години пред објавување на огласот за избор* - Кандидатката во последните пет години има објавено вкупно 26 труда во референтна научна публикација, од кои 19 трудови се објавени во меѓународни научни списанија, 5 труда во зборници на трудови презентирани на меѓународни научни конференции и 2 труда во зборник на стручни трудови.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание/ конференција | Години на излегување на списанието/ зборникот |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Golomeova, Saska** and Jordeva, Sonja and Zhezhova, Silvana and Dimitrijeva, Vanga and Andronikov, Darko (2023) | Water absorption and dimensional stability of shoe insoles. https://eprints.ugd.edu.mk/31709/ | Journal Leather & Footwear, 72 (1/23). pp. 3-6. ISSN 1849-9769 | Од 1952 г. 72 години |
| 2. | **Golomeova, Saska** and Jordeva, Sonja and Zhezhova, Silvana and Dimitrijeva, Vanga and Mojsov, Kiro and Andronikov, Darko (2022) | The effect of fabric structure parameters on dimensional stability after domestic washing. https://eprints.ugd.edu.mk/29965/ | Tekstilna Industrija, 70 (2). pp. 22-27. ISSN 0040-2389 | Од 1953 г. 71 години |
| 3. | **Golomeova, Saska,** Demboski, Goran, Jordeva, Sonja, Zhezhova, Silvana, Dimitrijeva, Vanga and Kertakova, Marija and Mojsov, Kiro (2019) | Selection of fusible interlining in apparel industry https://eprints.ugd.edu.mk/23538/ | Tekstilna industrija 67 (4), 4-10 ISSN 0040-2389 | Од 1953 г. 71 години |
| 4. | Maksimov, Stefan and **Golomeova, Saska** and Jordeva, Sonja and Andronikov, Darko (2019) | Investigation of seam puckering in women's blouse. https://eprints.ugd.edu.mk/22955/ | Tekstilna Industrija<br><br>ISSN 0040- 2389 | Од 1953 г. 71 години |
| 5. | Maksimov, Stefan, **Golomeova, Saska,** Jordeva, Sonja, Zhezhova, Silvana (2020) | Application of statistical process control in the production of women's blouse. https://eprints.ugd.edu.mk/27323/ | Knowledge – International Journal, 38 (3). pp. 613-618. ISSN 2545-4439 | Од 2009 г. 15 години |
| 6. | Zhezhova, Silvana, Jordeva, Sonja, **Golomeova, Saska** and Janevski, Aco (2020) | Textile industry in North Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/27322/ | Tekstilna industrija (3). pp. 44-51. ISSN 0040-2389 | Од 1953 г. 71 години |
| 7. | Jordeva, Sonja, Anusheva, Hristina, **Golomeova, Saska**, Zhezhova, Silvana, Dimitrijeva, Vanga, Mojsov, Kiro and Kertakova, Marija (2021) | A cut marker for aircraft seat cover https://eprints.ugd.edu.mk/28318/ | Tekstilna industrija, 69 (2). pp. 40-47. ISSN 0040-2389 | Од 1953 г. 71 години |
| 8. | Zhezhova, Silvana, Jordeva, Sonja, **Golomeova, Saska,** Maksimov, Stefan and Dimitrijeva, Vanga (2021) | The develompment of textile industry in Shtip. https://eprints.ugd.edu.mk/29017/ | Tekstilna industrija. ISSN 0040-2389 | Од 1953 г. 71 години |
| 9. | Zhezhova, Silvana, Jordeva, Sonja, **Golomeova, Saska** and Jovanov, Stojanche (2021) | Application of technical textile in medicine https://eprints.ugd.edu.mk/28319/ | Tekstilna industrija, 69 (2). pp. 21-29. ISSN 0040-2389 | Од 1953 г. 71 години |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10. | Zhezhova, Silvana, Jordeva, Sonja, **Golomeova, Saska**, Dimitrijeva, Vanga and Dimova, Tanja (2019) | Tactile properties of fabrics. https://eprints.ugd.edu.mk/22383/ | Tekstilna industrija. pp. 4-10. ISSN 0040-2389 | Од 1953 г. 71 години |
| 11. | Zhezhova, Silvana, Demboski, Goran, Srebrenkoska, Vineta, Jordeva, Sonja and **Golomeova, Saska** (2019) | The influence of the type and width of the cut marker on the utilization of textile materials. https://eprints.ugd.edu.mk/23449/ | Advanced technologies, 8 (2). pp. 99-104. ISSN 2217-9720 | Од 2012 г. 12 години |
| 12. | Jordeva, Sonja, Zhezhova, Silvana and **Golomeova, Saska** (2023) | Influence of the raw-material composition and the characteristics of the knitted fabrics on the properties of the socks. https://eprints.ugd.edu.mk/31550/ | Knowledge, 56 (4). pp. 417-423. ISSN 2545-4439 | Од 2009 г. 15 години |
| 13. | Jordeva, Sonja, Zhezhova, Silvana and **Golomeova, Saska** (2021) | *Technological process of finishing of the men's shirt and quality control.* https://eprints.ugd.edu.mk/28317/ | Knowledge International Journal, Scientific Papers, 45 (3). pp. 695-700. ISSN 2545-4439 | Од 2009 г. 14 години |
| 14. | Jordeva, Sonja, Zhezhova, Silvana and **Golomeova, Saska** (2019) | Monitoring and quality control in the production of work uniforms for flight attendants https://eprints.ugd.edu.mk/22900/ | Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 34 (3). pp. 737-743. ISSN 2545-4439 | Од 2009 г. 15 години |
| 15. | Maksimov, Stefan, Jordeva, Sonja , Zhezhova, Silvana, **Golomeova, Saska** and Andronikov, Darko (2022) | Qualitative and quantitative analysis of the pre consumer textile waste in North Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/29944/ | Advanced Technologies, 11 (1). pp. 88-92. ISSN 2406-2979 | Од 2012 г. 12 години |
| 16. | Jordeva, Sonja, Kertakova Marija, Zhezhova, Silvana, **Golomeova, Saska** and Mojsov, Kiro (2020) | Dyeing of textiles with natural dyes. https://eprints.ugd.edu.mk/27326/ | Tekstilna industrija. 68 (4), 12-21, ISSN 0040-2389 | Од 1953 г. 71 години |
| 17. | Mojsov, Kiro and Janevski, Aco and Andronikov, Darko and Jordeva, Sonja and **Golomeova, Saska** and Gaber, Stevan (2020) | Enzymatic treatments for cotton. https://eprints.ugd.edu.mk/24401/ | Tekstilna industrija, 68 (2). pp. 12-17. ISSN 0040-2389 | Од 1953 г. 71 години |
| 18. | Mojsov, Kiro and Janevski, Aco and Andronikov, Darko and Jordeva, Sonja and **Golomeova, Saska** and Gaber, Stevan and Ignjatov, Ivan (2021) | Production and application of glucose oxidase enzyme in textile technology https://eprints.ugd.edu.mk/28021/ | Tekstilna industrija, 69 (1). pp. 21-27. ISSN 00402389 | Од 1953 г. 71 години |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 19. | Jordeva, Sonja and **Golomeova, Saska** and Kertakova, Marija and Mojsov, Kiro and Efremov, Jordan (2019) | Textile as a sustainable insulating material for buildings<br><br>https://eprints.ugd.edu.mk/22384/ | Tekstilna industrija, 67 (2). pp. 20-28. ISSN 0040-2389 | Од 1953 г. 71 години |
| 20. | **Golomeova, Saska,** Zhezhova, Silvana, Jordeva, Sonja, Maksimov, Stefan, Andronikov, Darko and Mojsov, Kiro (2021) | Effect of the pandemic on the clothing industry in the eastern region of R. N. Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/28691/ | Contemporary trends and innovations in textile industry, Belgrade, Serbia. | Од 2017 г. 7 години |
| 21. | Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja and **Golomeova, Saska** and Risteski, Sanja and Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga (2023) | Final control of men's shirts https://eprints.ugd.edu.mk/32672/ | Contemporary Trends and Innovations in the Textile Industry, Belgrade | Од 2017 г. 7 години |
| 22. | Risteski, Sanja and Zhezhova, Silvana and **Golomeova, Saska** and Jordeva, Sonja (2023) | Fashion in Spain as an inspiration for design and construction of contemporary children's clothing<br><br>https://eprints.ugd.edu.mk/33000/ | International scientific conference contemporary trends and innovations in the textile industry | Од 2017 г. 7 години |
| 23. | Jordeva, Sonja, Tomovska, Elena, Zhezhova, Silvana, **Golomeova, Saska** and Dimitrijeva, Vanga (2020) | Textile waste management practices. https://eprints.ugd.edu.mk/26677/ | Contemporary trends and innovations in the textile industry CT&ITI 2020. ISSN 677(082) / 687.1(082) | Од 2017 г. 7 години |
| 24. | Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja and **Golomeova, Saska** and Srebrenkoska, Vineta and Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga (2022) | Analysis of the situation with textile waste<br><br>https://eprints.ugd.edu.mk/31246/ | Trends and innovations in the textile industry CT&ITI 2020. ISSN 677(082) / 687.1(082) | Од 2017 г. 7 години |
| 25. | **Golomeova, Saska,** Andronikov, Darko, Zhezhova, Silvana and Mojsov, Kiro (2020) | Контрола на квалитет на производство во различен временски период. https://eprints.ugd.edu.mk/27325/ | Годишен зборник, Економски факултет, 21. ISSN 1857-7628 | Од 2012 г. 12 години |
| 26. | Zhezhova, Silvana, Janevski, Aco, Jordeva, Sonja and **Golomeova, Saska** (2020) | Важноста на текстилната индустрија за економијата на Република Северна Македонија. https://eprints.ugd.edu.mk/27324/ | Годишен зборник, Економски факултет, 21. pp. 63-71. ISSN 1857-7628 | Од 2012 г. 12 години |

- *Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик* - Кандидатката се служи со англиски јазик. Има сертификат за положен англиски јазик од Кембриџ ПЕТ тест за електронско полагање, со постигнато ниво В2 (според Council of Europe Level).
- *Способност за изведување на високообразовна дејност* - Кандидатката е ангажирана во наставата по повеќе предмети од прв и втор циклус на Технолошко-технички факултет. Била во комисија на повеќе од 20 дипломски. Коавтор е на неколку учебни помагала за потребите на студентите на ТТФ.

**Посебни услови за избор:**

- *Рецензиран учебник, скрипта и практикум или авторско ЦД* - Кандидатката д-р Сашка Голомеова-Лонгурова е коавтор на е-практикум „Менаџмент на конфекциско претпријатие“ наменет за студентите на прв циклус студии на Технолошко-технички факултет.
- *Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати* - Во изборниот период кандидатката д-р Сашка Голомеова-Лонгурова е учесник во седум проекти.
- *Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници* - Кандидатката д-р Сашка Голомеова-Лонгурова има соработувано со неколку наставници и соработници на Технолошко-технички факултет во доменот на научноистражувачката работа и одржувањето на наставата.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатката д-р Сашка Голомеова-Лонгурова во последните пет години има објавено вкупно 26 труда во референтна научна публикација, од кои 19 трудови се објавени во меѓународни научни списанија, 5 труда во зборници на трудови презентирани на меѓународни научни конференции и 2 труда во зборник на стручни трудови. Од последниот избор до денес има учествувано во 6 изложби со модни ревии/перформанси од регионален карактер. Учесник е во 7 проекти и поседува 3 сертификати за успешно поминати обуки во полето на одржливост, одржлив дизајн и социјална и корпоративна одговорност во индустријата за текстил и облека.

Од 1.11.2008 година е вработена како лаборант на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Со Одлука бр. 2802-82/4 од 8.11.2011 година од Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет е избрана за помлад асистент. Со Одлука бр. 2802-97/5 од 3.11.2014 година од Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет е избрана за асистент-докторанд. Во рамките на нејзиниот ангажман како помлад асистент и асистент-докторанд учествува во подготовка и изведување на вежби по повеќе предмети: Технологија на изработка на облека 1, Технологија на изработка на облека 2, Машини и уреди во конфекциско производство, Менаџмент на конфекциско претпријатие, Квалитет на текстил и стандарди, Системи на квалитет и стандарди, Анализа на трудот, Основи на технолошко инженерство и др.

Со Одлука бр. 2302-86/9 од 24.6.2019 година на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет е избрана во звањето доцент за наставно-научните области: технологија на облека (22303) и технологија на конфекција (22305). Досега кандидатката учествувала во наставата на прв и втор циклус

студии на Технолошко-технички факултет и тоа по предметите:

- Прв циклус студии на Технолошко-технички факултет: Технологија на изработка на облека 1, Машини и уреди во конфекциско производство, Менаџмент на конфекциско претпријатие, Системи на квалитет и стандарди, Квалитет на текстил и стандарди, Испитување на текстил и Анализа на трудот.
- Втор циклус на студии на Технолошко-технички факултет: Менаџмент во текстилна индустрија, Стандарди и квалитет на текстилни материјали, Механички својства на текстилните материјали, Технолошки процес на доработка на облека, Менаџмент системи, Тотален менаџмент на квалитет.

Научните резултати на кандидатката се објавени во меѓународни научни списанија и зборници на трудови презентирани на меѓународни и домашни конференции. Наведените трудови се составен дел на е-репозиториумот при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Golomeova=3ASaska=3A=3A.html

**Објавени научни и стручни трудови во меѓународни списанија и меѓународни научни публикации во периодот од претходниот избор во доцент:**

***Објавени научни трудови во меѓународни научни списанија***

1. **Golomeova, Saska** and Jordeva, Sonja and Zhezhova, Silvana and Dimitrijeva, Vanga and Andronikov, Darko (2023) *Water absorption and dimensional stability of shoe insoles.* Journal of Leather & Footwear, 72 (1/23). pp. 3-6. ISSN 1849-9769

Во овој труд е испитувана апсорпцијата на вода и димензионалната стабилност на осум влошки за обувки со различен суровински состав. Димензионалната стабилност на примероците е анализирана преку бабреењето, зголемувањето на димензиите на примерокот и собирањето. Тестовите се спроведени во согласност со релевантни ИСО стандарди. Експерименталните резултати покажуваат дека способноста на влошките да апсорбираат вода зависи од нивната структурата и суровинскиот состав. Статистичката анализа на резултатите покажува позитивна линеарна корелација помеѓу апсорпцијата на вода и бабреењето и негативна линеарна зависност помеѓу бабреењето и зголемувањето на димензиите на примерокот. Собирањето кај сите осум примероци влошки е помало од 1%.

2. **Golomeova, Saska** and Jordeva, Sonja and Zhezhova, Silvana and Dimitrijeva, Vanga and Mojsov, Kiro and Andronikov, Darko (2022) *The effect of fabric structure parameters on dimensional stability after domestic washing.* Tekstilna Industrija, 70 (2). pp. 22-27. ISSN 0040-2389

Во овој труд е испитувано влијанието на структурните параметри врз димензионалната стабилност на памучна ткаенина после пет циклуси на перење во домашни услови. Десет памучни ткаенини со различни структурни параметри се перени, а потоа сушени закачени во висечка положба. Димензионалните промени на ткаенините се мерени по секој циклус на перење и сушење и се изразени како процент од почетните димензии. Експерименталните резултати покажуваат дека собирање се јавува кај сите десет ткаенини и тоа е поголемо во правец на основа отколку по јаток. Статистичка анализа е направена за да се идентификува корелацијата помеѓу собирањето и структурата на ткаенините. Резултатите покажуваат дека собирањето на ткаенината е во линеарна корелација со покривниот фактор и факторот на преплетка.

**3. Golomeova, Saska** and Demboski, Goran and Jordeva, Sonja and Zhezhova, Silvana and Dimitrijeva, Vanga and Kertakova, Marija and Mojsov, Kiro (2019) *Selection of fusible interlining in apparel industry.* Tekstilna industrija. ISSN 0040-2389

Целта на трудот е селекција на термопластична меѓупостава во производството на машки кошули. За фиксирање на ткаенината се користени три вида на меѓупостави од различни производители и со различни својства. Селекцијата се заснова на јачината на спојот меѓу ткаенината и меѓупоставата. Јачината на спојот е испитувана после фиксирањето и по пет циклуси на перење.

4. Maksimov, Stefan and **Golomeova, Saska** and Jordeva, Sonja and Andronikov, Darko (2019) *Investigation of seam puckering in women's blouse.* Tekstilna industrija. ISSN 0040-2389.

Во овој труд се испитувани механичките својства на ткаенини на FAST (Fabric Assurance by Simple Testing) со цел да се најде причината за брчкање на шевот по ракавната кривина и вратниот израз кај женска блуза која се произведува од две ткаенини со различен суровински состав. Едната ткаенина е 100% свила, а другата 100% полиестер. Добиените резултати покажуваат дека и двете ткаенини имаат мала отпорност на смолкнување, што значи дека истегнувањето и на двете ткаенини во дијагонален правец е високо. Истегнувањето на ткаенините во дијагонален правец има значително влијание врз брчкањето на шевот по ракавната кривина и вратниот израз на женска кошула бидејќи во овој дел шиењето на шевот не е само во правец на основа и јаток на ткаенината туку и во дијагонален правец.

5. Maksimov, Stefan and **Golomeova, Saska** and Jordeva, Sonja and Zhezhova, Silvana (2020) *Application of statistical process control in the production of women's blouse.* Knowledge – International Journal, 38/3. pp. 613-618. ISSN 2545-4439

Во трудот е направена примена на статистичка контрола во процесот на производство на женска блуза. Применети се методите: чек листа, Парето дијаграм и Ишикава дијаграм. Чек листата е метода која е применета за евидентирање и анализа на дефектите кои се јавуваат во процесот на производство на женска блуза. Парето дијаграмот како помошна алатка е употребена да се селектира целта и да се утврди најпрво на кое место треба да се интервенира. Со помош на Ишикава дијаграм направена е анализа на причините кои доведуваат до појава на проблеми или дефекти, односно направена е детална анализа на факторите кои влијаат врз квалитетот на женската блуза. Резултатите добиени од контролата на квалитетот во производството на женска блуза, покажуваат дека најголем процент од забележаните дефекти припаѓа на дефектите брчкање на шевот во пределот на вратниот и ракавниот отвор. Анализата на причините со помош на Ишикава дијаграмот покажаа дека причина за пројава на овие дефекти е техничката подготовка. Во насока на отстранување на причината за појава на овие дефекти направена е промена во планот на технолошки операции и соодветно на промената изработени се нови примероци за да се потврди отстранувањето на брчкање на шевот во пределот на вратниот и ракавниот отвор.

6. Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja and **Golomeova, Saska** and Janevski, Aco (2020) *Textile industry in North Macedonia.* Tekstilna industrija (3). pp. 44-51. ISSN 0040-23

Целта на овој труд е да го истражи развојот на текстилната индустрија во Република Северна Македонија во последните 10 години. Текстилната индустрија во Република Северна Македонија е еден од најважните индустриски сектори

со долга традиција и искуство и игра огромна улога во општите економски перформанси и надворешната позиција на земјата. Според најновите податоци, текстилната и конфекциската индустрија во 2019 година вработуваат околу 35.000 работници, или 27% од вкупниот број вработени во производствениот сектор. Текстилниот сектор учествува со 13% во индустрискиот БДП на индустријата и со 10% во вкупниот извоз.

7. Jordeva, Sonja and Anusheva, Hristina and **Golomeova, Saska and Zhezhova, Silvana and Dimitrijeva, Vanga and Mojsov, Kiro and Kertakova, Marija (2021) A cut marker for aircraft seat cover. Tekstilna industrija, 69 (2). pp. 40-47. ISSN 0040-2389**

Во овој труд е направена анализа на изработката на кројни слики за навлака на авионско седиште и даден е опис на потребните материјали. Навлаката се изработува од повеќеслојни материјали, а трошокот на материјалот се пресметува врз основа на кројната слика.

8. Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja and **Golomeova, Saska and Maksimov, Stefan and Dimitrijeva, Vanga (2021) The develompment of textile industry in Shtip. Tekstilna industrija. ISSN 0040-2389**

Во трудот е анализирана текстилната индустрија во градот Штип, кој е главен центар за производство на облека во источниот дел на Република Северна Македонија. Текстилната индустрија учествува со 70% во вкупните достигнувања на индустријата во Општината. Во Штип има над 60 компании за производство на облека, а меѓу нивните најважни партнери се Германија, Италија, Австрија, Белгија и Холандија. Најголем дел од конфекциските компании се организирани како мали или средни претпријатија за производство на секојдневна облека како што се кошули, блузи и сл., кои работат врз основа на производствениот систем „ЛОН“.

9. Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja and **Golomeova, Saska** and Jovanov, Stojanche (2021) *Application of technical textile in medicine.* Tekstilna industrija, 69 (2). pp. 21-29. ISSN 0040-23

Целта на овој труд е да се нагласи важноста на техничкиот текстил за медицински, хируршки и здравствени апликации, за да се посочи кој текстил во моментов се користи во оваа област. Медицинскиот текстил е познат и како здравствен текстил и е еден од секторите со најбрз раст на пазарот на технички текстил. Поимот медицински текстил ги опфаќа сите видови текстилни материјали кои се користат во здравствениот систем за различни цели. Бројот на апликации е голем и разновиден, почнувајќи од едноставни хируршки конци за шиење па сѐ до комплексни композитни структури за замена на коски и ткива, материјали за одржување хигиена, заштитни производи кои се употребуваат во операционите сали и во процесот на постоперативниот третман на рани.

10. Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja and **Golomeova, Saska** and Dimitrijeva, Vanga and Dimova, Tanja (2019) *Tactile properties of fabrics.* Tekstilna industrija. pp.4-10 ISSN0040-2389

Во трудот се идентификувани најсоодветните атрибути за опис на ткаенините, а исто така е даден преглед на некои од современите истражувања за предвидување на тактилните својства на ткаенините. Тактилните својства на ткаенините се најважните карактеристики што влијаат на квалитетот на готовите производи и одлуката на купувачот при купување.

11. Zhezhova, Silvana and Demboski, Goran and Srebrenkoska, Vineta and Jordeva, Sonja and **Golomeova, Saska** (2019) The influence of the type and width of the cut marker on the utilization of textile materials. Advanced technologies, 8 (2). pp. 99-104. ISSN 2217-9720

Трудот го испитува ефектот што видот и ширината на кројната слика го имаат врз потрошувачката на текстилниот материјал (кој достигнува до 75% од вкупниот трошок при производството). Минималната заштеда на текстилниот материјал директно влијае на вкупните трошоци за производство. Кројната слика има директно влијание врз потрошувачката на материјалот. Изборот на видот на кројната слика зависи од видот на облеката, структурата на текстилниот материјал и големина на работниот налог. Зголемувањето на искористувањето на кројната слика е од големо значење за техничка подготовка во конфекциската индустрија, поради нивната важна улога во контролирањето на материјалните трошоци.

12. Jordeva, Sonja and Zhezhova, Silvana and **Golomeova, Saska (2023) Influence of the raw-material composition and the characteristics of the knitted fabrics on the properties of the socks. Knowledge, 56 (4). pp. 417-423. ISSN 2545-4439**

Во овој труд е направен краток преглед на видовите на чорапи, како и меѓународното означување на големините на чевли и чорапи. Дополнително, направена е анализа на научните истражувања за да се процени влијанието на суровината и карактеристиките на плетенините врз својствата и квалитетот на чорапите. Резултатите покажуваат дека чорапите се димензионално нестабилни и по неколку циклуси на перење при употреба настануваат промени во димензиите кои зависат од видот на суровината и видот на преѓата, како и карактеристиките на плетенината.

13. Jordeva, Sonja and Zhezhova, Silvana and **Golomeova, Saska** (2021*) Technological process of finishing of the men's shirt and quality control.* Knowledge International Journal, Scientific Papers, 45 (3). pp. 695-700. ISSN 2545-4439

Во трудот се опишани постапките и машините во завршното пеглање, како и начинот на контрола на квалитетот на машките кошули. Во практичниот дел на трудот е направена анализа на процесот на доработка на машки кошули во една модна конфекција и извршена е завршна контрола на 661 машка кошула. Резултатите покажаа дека најчестите грешки се: лоша позиција на копчето или оштетено копче, грешки од завршното пеглање и грешки кај поработ на кошулата. Благодарение на завршната контрола сѐ уште е можно да се поправат некои грешки кај кошулите со повторно влегување во производствениот процес, а оштетените производи или оние со непоправливи дефекти може да се класифицираат во пониска класа со намалена цена.

14. Jordeva, Sonja and Zhezhova, Silvana and **Golomeova, Saska** (2019) *Monitoring and quality control in the production of work uniforms for flight attendants.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 34 (3). pp. 737-743. ISSN 2545-4439

Трудот се однесува на следење на производството на женско сако и женски елек (како дел од работните униформи на стјуардесите на компанијата „Луфтханза“) во компанијата за облека МК „Амор“, компанија од Кочани. Во исто време, извршена е контрола на квалитетот на производите, почнувајќи од контролата на материјалите до конечната контрола на готовите производи. Резултатите покажуваат дека доброто планирање и следење на производството резултира со навремено и квалитетно производство на двата вида на производи

15. Maksimov, Stefan and Jordeva, Sonja and Zhezhova, Silvana and **Golomeova, Saska** and Andronikov, Darko (2022) *Qualitative and quantitative analysis of the pre consumer textile waste in North Macedonia*. Advanced Technologies, 11 (1). pp. 88-92. ISSN 2406-2979

Целта на овој труд е истражување на количината и квалитетот на текстилниот отпад како предуслов за негово понатамошно управување. Текстилниот отпад во Република Северна Македонија учествува со 4,7% во вкупниот состав на комуналниот цврст отпад кој целосно се депонира. Добиените резултати покажуваат доминација на отпадот од процесот на кроење, со вкупна просечна количина од 2792,7 тони годишно. Анализите покажуваат дека најзастапен е отпадот од памук со 46,4%, потоа следи отпадот од вештачки и синтетички влакна со 41,4%. Резултатите покажуваат дека во текот на истражувачкиот период (2015-2020), годишно се генерира 1,42 kg/жител (во просек) текстилен отпад со задржани физички и механички својства.

16. Jordeva, Sonja and Kertakova, Marija and Zhezhova, Silvana and **Golomeova, Saska** and Mojsov, Kiro (2020) *Dyeing of textiles with natural dyes*. Tekstilna industrija. ISSN 0040-2389

Овој труд се однесува на карактеризација, класификација и анализа на природните бои; екстракција на бои од надворешната обвивка на кромид и ефекти на различни средства за фиксирање на боите, како и влијанието на начинот на нанесување на средствата за фиксирање врз нијансата на бојата. Од гледна точка на животната средина, замената на синтетичките бои со природни не е само стратегија за намалување на ризикот и загадувачите, туку и можност за нови пазари и работни места.

17. Mojsov, Kiro and Janevski, Aco and Andronikov, Darko and Jordeva, Sonja and **Golomeova, Saska** and Gaber, Stevan (2020) *Enzymatic treatments for cotton.* Tekstilna industrija, 68 (2). pp. 12-17. ISSN 0040-2389

Овој труд претставува преглед на тековните истражувања и идните насоки за апликациите на ензимски третмани за памук. Ензимите што се користат во текстилното поле се амилази и целулази за завршна обработка на деним (тексас или џинс) и биополирање. Примена на целулазите за завршна обработка на тексас обезбојување и белењето на текстил се најновите достигнувања во трговијата. Конвенционалните хемиски процеси се генерално сериозни и може да настане оштетување на влакната, додека ензимите се карактеризираат со нивната способност да работат под благи услови и како резултат може да се извршат процеси без понатамошно оштетување на влакната.

18. Mojsov, Kiro and Janevski, Aco and Andronikov, Darko and Jordeva, Sonja and **Golomeova, Saska** and Gaber, Stevan and Ignjatov, Ivan (2021) *Production and application of glucose oxidase enzyme in textile technology.* tekstilna industrija, 69 (1). pp. 21-27. ISSN 00402389

Ензимскиот преттретман на целулозни ткаенини често заштедува големи количини на суровини, хемикалии, енергија и вода. Белењето со гликозна оксидаза е поекономично и поеколошко во споредба со класичниот процес со водород пероксид. Овој прегледен труд ги прикажува основните својства и производството на гликозна оксидаза и нејзината примена во текстилната технологија.

19. Jordeva, Sonja and **Golomeova, Saska** and Kertakova, Marija and Mojsov, Kiro and Efremov, Jordan (2019) *Textile as a sustainable insulating material for buildings.* Tekstilna industrija, 67 (2). pp. 20-28. ISSN 0040-2389

Во овој труд конвенционални и алтернативни изолациони материјали од текстил се испитувани во однос критериумите за одржливост. Изолационите материјали од рециклиран текстил се сметаат за одржливи материјали поради можноста да се рециклираат и да се реупотребуваат. Но, како резултат на недоволно развиената свест на потрошувачите, изолационите материјали изработени од текстил не се застапени во доволна мера на пазарот.

**Научни трудови објавени во зборници на трудови на научни собири**

**20. Golomeova, Saska** and Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja and Maksimov, Stefan and Andronikov, Darko and Mojsov, Kiro (2021) *Effect of the pandemic on the clothing industry in the eastern region of R. N. Macedonia*. In: Contemporary trends and innovations in textile industry, Belgrade, Serbia.

Целта на овој труд беше да се направи првична проценка на влијанието на Ковид-пандемијата врз индустријата за облека. Овој труд дава анализа на статистичките податоци на индустрија за облека. Анализираните податоци ги вклучуваат бројот на вработени, количината на индустриското производство и промените во типот на производството. Податоците за изминатите 30 месеци беа анализирани и тие покажуваат дека ковид пандемијата значително се одрази врз работата на компаниите за производство на облека.

21. Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja and **Golomeova, Saska** and Risteski, Sanja and Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga (2023) *Final control of men's shirts*. In: VI International Scientific Conference: Contemporary Trends and Innovations in the Textile Industry, 14-15 Sept 2023, Belgrade.

Контролата на квалитетот е еден од најважните фактори во текстилната индустрија и често е тесно поврзана со прифатеното ниво на квалитет. Крајната контрола ја врши контролорот за квалитет за да се осигури дека квалитетот на облеката ги исполнуваат барањата на клиентот. Контролата на квалитетот е услов во производството на машки кошули, бидејќи го одржува квалитетот на брендот. Секој чекор во процесот на производство на машки кошули е од витално значење за севкупниот квалитет на финалниот производ. Имено, грешките констатирани во текот на производниот процес веднаш се пријавуваат на производителот за да се направи директна интервенција за нивно отстранување, а не по транспортот во земјата на клиентот. На овој начин се заштедува на време, се намалуваат трошоците за производство и истовремено се намалуваат организациските проблеми.

22. Risteski, Sanja and Zhezhova, Silvana and **Golomeova, Saska** and Jordeva, Sonja (2023*) Fashion in Spain as an inspiration for design and construction of contemporary children's clothing.* In: VI International scientific conference contemporary trends and innovations in the textile industry, 14-15 Sep 2023, Belgrade.

Модата претставува еден вид уникатна визуелна уметност, која со векови оставила посебен белег во историјата на секоја земја. Секој период во историјата на облеката е посебен по својот дизајн, употребениот материјал и изобилство на бои кои беа впечатливи во тоа време. Секој период, исто така, претставува посебна инспирација за модните дизајнери денес. Во овој труд се прикажани два дизајни кои се инспирирани од различни периоди на детската мода, поточно, модата за девојки во Шпанија. Дизајните се прикажани од идеја до нивна реализација. Материјалите и боите што користени претставуваат преглед на периодот од кој се инспирирани дизајните.

23. Jordeva, Sonja and Tomovska, Elena and Zhezhova, Silvana and **Golomeova, Saska** and Dimitrijeva, Vanga (2020) *Textile waste management practices*. Contemporary trends and innovations in the textile industry CT&ITI 2020. ISSN 677(082) / 687.1(082)

Во трудот се анализирани праксите за менаџирање на текстилниот отпад. Во Република Северна Македонија се генерира значајна количина на отпад од процесот на кроење, што претставува вреден ресурс со задржани физичко-механички својства. Овој отпад не се сортира што претставува главна пречка за понатамошно процесирање.

24. Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja and **Golomeova, Saska** and Srebrenkoska, Vineta and Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga (2022*) Analysis of the situation with textile waste*. In: Contemporary trends and innovations in the textile industry.

Целта на овој труд е да се нагласи важноста на одржливите начини на управување со текстилниот отпад кои придонесуваат за намалување на количините на создаден отпад што неминовно ја наметнува потребата од подигање на еколошката свест на создавачите на отпад. Зголемување на производството и потрошувачката на текстилни производи доведува до зголемување на количината на создаден текстилен отпад. Се поголемата количина на текстилен отпад претставува значаен проблем, бидејќи годишно во Европа се создава од 2 до 15 килограми отпад по глава на жител. Најголеми производители на текстилен отпад во Европа се Белгија, Чешка, Португалија, Италија, Австрија и Холандија. Само 20% од облеката на глобално ниво се користи повторно или се рециклира. Останатите 80% од текстилниот отпад се депонира или согорува, што доведува до голема загуба на енергија и суровини.

**Трудови објавени во зборник на трудови на стручен собир**

**25. Golomeova, Saska** and Andronikov, Darko and Zhezhova, Silvana and Mojsov, Kiro (2020) *Контрола на квалитет на производство во различен временски период*. Годишен зборник, Економски факултет, 21. ISSN 1857-7628

Трудот го истражува влијанието на неработните денови, празници, викенди итн. врз работата на вработените кое резултира во производство на производи со различен квалитет. Контролата на квалитетот е направена во три различни временски периоди (декември, јануари и март), а контролиран е ист производ. За контрола на квалитетот се применети неколку методи и техники како: Чек листа, Парето дијаграм и Ишикава дијаграм. Резултатите од контролата покажуваат дека има разлики во квалитетот на производството во зависност од временскиот период, односно има разлики во квалитетот на работењето на вработените. Во секој од контролираните временски периоди, најмногу дефекти се забележани првите денови од производството, а најголем процент на дефекти има во јануари.

26. Zhezhova, Silvana and Janevski, Aco and Jordeva, Sonja and **Golomeova, Saska (2020)** *Важноста на текстилната индустрија за економијата на Република Северна Македонија. Годишен зборник, Економски факултет, 21. pp. 63-71. ISSN 1857-7628*

Целта на овој труд е анализа на текстилната индустрија во Република Северна Македонија, како и анализа на влијанието на Ковид-пандемијата врз оваа индустриска гранка. Текстилната индустрија во Република Северна Македонија претставува една од водечките преработувачки индустрии со значителни резултати во формирањето на БДП, високото апсорбирање на работна сила и

извозот. Во однос на регионалната поставеност, текстилната индустрија просторно ја покрива целата територија на Република Северна Македонија со значителна концентрација во источниот дел од земјава. Најголем дел од компаниите (преку 90 %) работат според лон системот на производство, додека само 10 % може да понудат целосен пакет на услуги.

**Рецензент на трудови**:

27. Рецензент на труд за списанието Advanced Technologies Лесковац, Република Србија. (еден труд)
28. Рецензент на труд за списанието Journal of Leather and Footwear, Загреб, Република Хрватска (еден труд).

**Член на уредувачки одбор на списание**:

29. Член на Меѓународен уредувачки одбор на списанието „Journal of Leather and Footwear", Загреб, Република Хрватска. (ISSN 1849-9769)

**Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност**

Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Сашка Голомеова-Лонгурова е истражувач со резултати кои придонесуваат во областите на технологија на облека и технологија на конфекција. Автор е на вкупно 79 научни и стручни трудови, коавтор и автор на скрипти и практикуми од соодветните области. Рецензент е на два труда. Член е на меѓународен уредувачки одбор на едно меѓународно списание. Во рамките на наставно-образовната дејност д-р Сашка Голомеова-Лонгурова била ангажирана за настава по повеќе предмети на прв и втор циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во тек на изборниот период кандидатката ги има реализирано следниве стручно-апликативни и организациско-развојни активности.

За потребите на Технолошко-технички факултет кандидатката д-р Сашка Голомеова-Лонгурова има издадено:

**Рецензиран практикум**

Кандидатката д-р Сашка Голомеова-Лонгурова е автор на учебно помагало е- практикум „Менаџмент на конфекциско претпријатие" наменет за студентите на прв циклус студии на Технолошко-технички факултет:

30. Golomeova, Saska and Mitreva, Elizabeta (2023) *Менаџмент на конфекциско претпријатие - практикум.* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. http://e-lib.ugd.edu.mk/1141.

**Учество во научен проект**

**Кандидатката има учество во следниве проекти:**

31. Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga and **Golomeova, Saska** and Risteski, Sanja and Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja and Bojadziska, Slavica and Ristova, Elvira and Efremov, Jordan (2023) *Истражување на традиционалниот текстил кој се изработувал во Северна Македонија.* https://eprints.ugd.edu.mk/33388/

32. Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga and Risteski, Sanja and **Golomeova, Saska** and Zhezhova, Silvana and Ristova, Elvira and Jordeva, Sonja and Bojadziska, Slavica and Efremov, Jordan and Naumovska, Verica (2023) Меѓународен фестивал на Власите „Традицијата и културата обединуваат“. https://eprints.ugd.edu.mk/32858/

33. Risteski, Sanja and **Golomeova, Saska** and Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja (2023) „Крушево град на култура, традиција, историја 2023“ - Модна ревија „Во светот на литературните класици». https://eprints.ugd.edu.mk/32059/

34. Risteski, Sanja and **Golomeova, Saska** and Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja (2023) „Мода меѓу редови-класици“ – проект одобрен и финансиран од Министерството за култура. https://eprints.ugd.edu.mk/32063/

35. Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga and Srebrenkoska, Vineta and Despot, Katerina and Sandeva, Vaska and Efremov, Jordan and **Golomeova, Saska** and Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja and Ristova, Elvira and Bojadziska, Slavica and Slavkova, Emilija and Gjorgjieva, lidija and Mirceska, Natasa and Angelinova-Dimitrova, Penka and Dimitrova Evtimova, Maria and Onteva, Maria and Badea, Corina and Hagi, Emil and Nanusevski Filipovic, Nadica and Janakieska, Danica and Golant, Natalia and Dimitrijeva-Mastev, Marina (2022) Preservation of local craft traditions at the international level and integrations into new tehnologies and process of recycling and apllications in modern and functional design. https://eprints.ugd.edu.mk/28812/

**36. Golomeova, Saska** and Jordeva, Sonja and Zhezhova, Silvana (2022) 4 Р (Редуцирај, Рециклирај, Реупотреби и Пренамени). https://eprints.ugd.edu.mk/31106/

37. Kertakova, Marija and **Golomeova, Saska** and Zhezhova, Silvana and Koceva, Vesna (2021) Проект покренат под иницијатива на Амбасадата на Република Италија во Република Северна Македонија по повод „Ден на италијанскиот дизајн во светот – 100 години од раѓањето на Отавио Мисони” – „Il Giorno del Design Italiano – 100 Anni dalla Nascita di Ottavio Missoni». https://eprints.ugd.edu.mk/28528/

**Кандидатката има учество во следните изложби и модни ревии:**

38. Risteski, Sanja and **Golomeova, Saska and Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja (2023) Изложба на дела инспирани од светските литературни класици.** https://eprints.ugd.edu.mk/32064/

39. Risteski Sanja, **Golomeova Saska, Zhezhova Silvana, Jordeva Sonja (2023) Годишната студентска изложба 2023.** https://eprints.ugd.edu.mk/31823/

40. Risteski Sanja, **Golomeova Saska, Zhezhova, Silvana, Jordeva Sonja (2023) Изложба на ТТФ, 16 години УГД - уметнички изложби и перформанси.** https://eprints.ugd.edu.mk/31824/

41. Risteski Sanja, **Golomeova L. Saska, Zhezhova Silvana, Jordeva Sonja (2022) There is no Planet B. (Изложба на уникатни производи од текстилен отпад).**

42. Dimitrijeva Vanga, **Golomeova Saska, Jordeva Sonja, Zhezhova Silvana, Efremov Jordan (2022) Кирилицата, магичниот мост на уметноста.** https://eprints.ugd.edu.mk/31104/

43. Dimitrijeva Vanga, Efremov Jordan, Jordeva Sonja, **Golomeova Saska**, Zhezhova Silvana and (2019) *Меѓународни денови на модата – Во чест на св. Кирил и Методиј.* https://eprints.ugd.edu.mk/22372/1/moda.pdf

**Стручни награди и признанија**

Кандидатката д-р Сашка Голомеова-Лонгурова поседува сертификат/потврда за успешно реализирани обуки и работилници:

44. Risteski, Sanja and **Golomeova, Saska** and Jordeva, Sonja and Zhezhova, Silvana (2023) Recognition of social and ecological changes. Presentation of new ways in textile material procurement. Optimization of supply chains according to the "Green Button". In: Recognition of social and ecological changes. Presentation of new ways in textile material procurement. Optimization of supply chains according to the "Green Button", УГД - Штип**.** https://eprints.ugd.edu.mk/32065/

**45. Golomeova Saska**, Risteski Sanja, Jordeva Sonja, **Zhezhova, Silvana,** Bojadziska Slavica, (2022) Sustainability and CSR - Basic Knowledge. In: Workshop sustainable fashion - Weis consulting. https://eprints.ugd.edu.mk/31110/

**46. Golomeova Saska**, Risteski Sanja, Jordeva Sonja, Zhezhova, Silvana Bojadziska Slavica, Kertakova Marija (2022) New standards to implement the 17 Sustainable Development Goals. Innovative and practice- oriented qualification in the field Sustainable production - Weis Consulting Assoc. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31239

47. Risteski Sanja, **Golomeova Saska**, Jordeva, Sonja, Zhezhova Silvana (2022) Од текстилен отпад до готов производ. In: Од текстилен отпад до готов производ, 01 Nov 2022, Stip. https://eprints.ugd.edu.mk/30448/

48. Сертификат за учество во настанот „International Fashion Days" (23.5-28.5.2022), Штип.

49. Сертификат за учество во активности организирани од Информативниот центар на Романија во Република Северна Македонија (30.11-4.12.2022).

***Членство во факултетски орган, комисија***

50. Член на Одбор за соработка и доверба со јавноста на Технолошко-технички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Одлука број 2302 – 81/3 од 27.4.2023 г.

51. Претседател на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на членови на Факултетско студентско собрание на ТТФ. Одлука број 2303- 54/1 од 23.2.2023 г.

52. Член на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на продекан на ТТФ. Одлука број 2302- 88/4 од 19.9.2022 г.

53. Член на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на декан на ТТФ. Одлука број 2302- 68/5 од 13.6.2022 г.

54. Член на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на ректор. Одлука број 2302-66/10 од 18.5.2022 г.

55. Претседател на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на членови на Факултетско студентско собрание на ТТФ. Одлука број 2303-48/1 од 24.2.2022 г.

56. Претседател на Комисија за избор на стручен соработник-лаборант, Одлука број 2303-60/1 од 20.4.2021 г.

57. Претседател на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на членови на Факултетско студентско собрание на ТТФ. Одлука број 2303-43/1 од 24.2.2021 г.

58. Член на Работна група за изработка на елаборати за акредитација на студиски програми на прв циклус студии, Одлука број 2302-39/10 од 4.2.2020 г.

59. Член на Одбор за соработка и доверба со јавноста на Технолошко-технички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Одлука број 2302 – 48/3 од 24.4.2020 г.

60. Член на Дисциплинска комисија на Технолошко-технички факултет, Одлука број 2302-75/7 од 19.10.2020 г.

61. Член на Конкурсна комисија за прием на документи и електронска обработка на податоци за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус студии за учебната 2020/2021 г. на ТТФ, Одлука број 2302-53/3 од 24.6.2020 г.

62. Претседател на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на членови на Факултетско студентско собрание на ТТФ. Одлука број 2303-113/1 од 4.11.2019 г.

63. Член на Конкурсна комисија за прием на документи и електронска обработка на податоци за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус студии за учебната 2019/2020 г. на ТТФ, Одлука број 2302-86/5 од 24.6.2019 г.

**Членство во научни мрежи, стручни платформи и бази на податоци:**

- Google Scholar (https://scholar.google.com/citations?user=rGn7NbIAAAAJ&hl=en)
- ORCID (https://orcid.org/0009-0002-2182-8520)
- UGDScholar (http://scholar.ugd.edu.mk/ SaskaGolomeova )
- AcademiaEdu (https://ugd.academia.edu/ SaskaGolomeova )
- ResearchGate (https://www.researchgate.net/profile/ SaskaGolomeova )
- UGDAcademicRepository(http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Golomeova=3ASaska=3A=3A.html)

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација што ѐ беше доставена и констатира дека единствен пријавен кандидат е д-р Сашка Голомеова-Лонгурова.

Врз основа на приложените трудови, работната биографија, искуството во наставната и научноистражувачката работа стекнато за време на своето работење и целокупната активност која е поврзана со научната област технологија на облека и технологија на конфекција кандидатката д-р Сашка Голомеова-Лонгурова ги исполнува сите законски услови за избор во звање вонреден професор.

Кандидатката д-р Сашка Голомеова-Лонгурова покажува голема способност во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност што се констатира од објавените научни трудови, учество на научни конференции и учество во научни проекти во земјава и во странство, а кои во квантифицирана форма се прикажани во табелите кои се составен дел на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Врз основа на изложеното, Рецензентската комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет

при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да ја избере кандидатката **д-р Сашка Голомеова-Лонгурова во звањето вонреден професор за наставно-научните области технологија на облека и технологија на конфекција.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Винета Сребренкоска, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Соња Јордева, вонреден професор, член, с.р.
Д-р Сања Ристески, вонреден професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 4 | Избор во звање доцент | 30 | | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори),<br>реф.1 (прв автор ≤ 5 автори)<br>реф.2,3 (прв автор > 5 автори)<br>реф.4,5,19, (втор автор ≤ 5 автори)<br>реф.6,8,9,10,11,12,13,14,15,16 (трет,..автор ≤ 5 автори)<br>реф. 7,17,18 (трет,..автор > 5 автори) | | | 1<br>2<br>3<br>10<br>3 | 9<br>6.3<br>6<br>3<br>2.1 | **9**<br>**12.6**<br>**18**<br>**30**<br>**6.3** |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир, реф. 20,21,22,23,24 | | | 5 | 3 | **15** |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настан на официјален концерт, учестви на ликовна изложба, реф. 38, 39, 40, 41, 42, 43 | 4 | 3 | 2 | 6 | **24** |
| 16 | Член на уредувачки одбор на научно списание реф.29. | | | 1 | 1 | **1** |
| 24 | Рецензент на научен труд (СЦИ/ ЦА/ останати), реф. 27, 28 | | | 2 | 1 | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **117.9** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| 6 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир реф. 25, 26 | 2 | 2 | | | **4** |
| 13 | Учесник во научен проект, реф. 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37 | | | 3 | 8 | **24** |
| 19 | Стручни награди и признанија, реф. 44, 45, 46, 47, 48, 49 | 6 | 4 | | | **24** |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија реф. 50,51, 52,53,54,55,56,57,58,59,60,61,62,63 | 14 | 2 | | | **28** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **80** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **227.9** |

**Р Е Ф Е Р А Т ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ФИСКАЛНА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1202-122/4 од 20.12.2023 година донесена на 243. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 19.12.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за научната област *фискална економија* на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

- **д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (претседател);
- **д-р Живко Атанасовски**, пензиониран редовен професор на Економски факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (член);
- **д-р Стеван Габер**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Слободен печат” и „Коха“ на 24.11.2023 година и во предвидениот рок се пријави единствено кандидатот **д-р Илија Груевски,** вонреден професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Пријавата внимателно ја разгледавме и утврдивме дека кандидатот **д-р Илија Груевски**, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во комплет ги има доставено следниве документи: пријава; универзитетска диплома за доктор на економски науки (оригинал и 3 копии заверени на нотар); универзитетски дипломи за завршен прв и втор циклус на студии (2 копии заверени на нотар и една обична копија); уверение за положени испити на прв и втор циклус на студии (2 копии заверени на нотар и една обична копија); кратка биографија (3 примероци); CV со список на објавени научни и стручни трудови (3 примероци); по еден примерок од објавените трудови; потврди за познавање на странски јазик (по 2 копии заверени на нотар и една обична копија); еден примерок од докторскиот труд и уверение за државјанство.

Врз основа на приложената документација од кандидатот д-р Илија Груевски, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Илија Груевски** е роден на 14.4.1977 година во Кочани, каде што живее во моментов. Со одличен успех го завршува основното и средното образование во Кочани.

Во 2002 година дипломира на Економскиот факултет во Скопје, на отсек Деловна (бизнис) економија, насока Финансиско-сметководствен менаџмент, со што се стекнува со право на стручен назив дипломиран економист. Заради стручно усовршување, врз основа на размена на студенти, во текот на студиите една година престојува во САД. Во академската 2004/2005 година се запишува на постдипломски студии на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил

и Методиј" во Скопје, на насоката Финансиски менаџмент, при што предвидените испити ги положува со просечна оценка 9,78. Магистрира на 4.6.2008 година, одбранувајќи го со успех магистерскиот труд со наслов „*Финансирање и развој на малите и средните претпријатија од текстилната индустрија во општина Кочани*" и се стекнува со академско звање – магистер на економски науки. Во август 2009 година се запишува на докторски студии при Економскиот факултет во Скопје, под менторство на проф. д-р Живко Атанасовски. Докторира на 27.12.2012 година, кога со успех ја одбрани тезата со наслов „*Економските ефекти од даночните стимулации*", со што се стекна со академско звање – доктор на економски науки.

Работел како економист во текстилниот сектор, а повремено врз основа на методологијата на Светската банка изработува инвестициони програми, проекти и експертизи за домашни компании. Извонредно го познава и користи англискиот јазик, а одлично се служи и со српскиот и бугарскиот јазик. Поседува вештини за работа и користење на сите неопходни компјутерски програми, како што се: Ms Office; Word, Excel, Power Point и слично.

На 14.10.2008 година е избран за соработник (помлад асистент) по предметите Основи на економија и Применета економија и други предмети од областа на економските науки на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Потоа, на 1.11.2011 година, повторно е избран за соработник (асистент) на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, на Катедрата за финансии. На 3.6.2014 г. е избран за доцент на Економски факултет во областа на фискалната економија. За време на овој изборен период кандидатот има остварено успешна наставно-образовна и научноистражувачка дејност преку одржување на вежби и предавања, објавување на научни и стручни трудови во домашни и меѓународни списанија, монографии, учество на меѓународни конференции, изработка на скрипти и практикуми, пишување на книги, учество во проекти и слично. Кандидатот ја продолжува и воедно ја проширува својата плодна наставно-образовна и научноистражувачка работа во рамки на споменатите институции и за време на мандатот како вонреден професор во областа на фискалната економија, од моментот на избор на 14.3.2019 година па сè до денес.

Кандидатот д-р Илија Груевски во моментов работи на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

*Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.*

**Општи услови за избор:**

**1. Научен степен доктор на науки од научната област за која се избира.** Кандидатот д-р Илија Груевски се стекнал со звање доктор на економски науки на 27.12.2012 година кога успешно го одбранил докторскиот труд на тема „*Економските ефекти од даночните стимулации*" на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**2. Претходен избор во звање.** Кандидатот д-р Илија Груевски беше избран во доцент на 3.6.2014 година со Одлука бр.1702-137/3 од 5.6.2014 година. Потоа

беше избран во вонреден професор на 14.3.2019 година со Одлука бр.1202-59/7 од 15.3.2019 година.

**3. Објавени најмалку шест рецензирани научни трудови во референтна научна публикација согласно со Законот за високо образование во последните пет години.** Кандидатот д-р Илија Груевски од изборот во асистент до денес има објавено повеќе од 73 трудови, а во периодот од изборот во вонреден професор во 2019 година до денес има објавено 18 трудови во меѓународни научни и стручни (научно-популарни) списанија, научни конференции, 2 учебника и 1 учебно помагало. Во табелата подолу се презентирани неколку објавени трудови во изминатиот петгодишен период, согласно со важечките законски прописи, а останатите трудови се достапни на електронскиот репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и на академските платформи ORCID, Google Scholar и ResearchGate, кои можат да се погледнат на следните линкови:

https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Gruevski=3AIlija=3A=3A.htm
https://orcid.org/0009-0007-0453-122X
https://scholar.google.com/citations?user=gZEMtakAAAAJ
https://www.researchgate.net/profile/Ilija-Gruevski

| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание** | **Год.** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan | *Municipal Fiscal Capacity in North Macedonia.* | Journal of Economics, 8 (2). pp. 27-38. ISSN 1857-9973 | 2023 |
| 2 | **Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan | *High Inflation, Higher Taxes and Negative Interest Rates: Are These the Villains of the Macedonian Capital Stock.* | Journal of Economics, 7 (2). ISSN 1857-9973 | 2022 |
| 3 | Gaber, Stevan and **Gruevski, Ilija** | *Fiscal Challenges in Pandemic Times.* | Journal of economics, 6. pp. 109-118. ISSN 1857-9973 | 2021 |
| 4 | **Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan | *The Full VAT/GST Liability Regime of Digital Platforms in the Collection of Taxes on Online Sales.* | Journal of economics, 6. pp. 119-134. ISSN 1857-9973 | 2021 |
| 5 | **Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan | *Basic Time Series Models in Financial Forecasting.* | Journal of economics, 6 (1). pp. 76-89. ISSN 1857-9973 | 2021 |
| 6 | Gaber, Stevan and **Gruevski, Ilija** | *Economic Aspects of Public Debt.* | Journal of Economics, 6 (1). pp. 45-53. ISSN 1857-9973 | 2021 |
| 7 | **Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan | *Estimation of Dividend Policy on Aggregate and Firm's level: Are Dividends Important for the Resident Shareholder.* | Journal of Economics, 5 (2). pp. 57-68. ISSN 1857-9973 | 2020 |
| 8 | Gaber, Stevan and **Gruevski, Ilija** | *Property Taxation in North Macedonia.* | Journal of Economics, 5 (2). pp. 11-19. ISSN 1857-9973 | 2020 |
| 9 | **Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan | *Determinants of the Capital Demand in Macedonia: Do Low Tax Rates Really Play an Important Role for Domestic Investment.* | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 49 (1). ISSN 2307-4531 | 2020 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10 | Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and **Gruevski, Ilija** and Zdraveva, Zorica | *The situation with the development of small and medium-sized enterprises in Macedonia in relation to the sources for their financing.* | Journal of Economics, 5 (1). pp. 10-20. ISSN 1857-9973 | 2020 |
| 11 | Gaber, Stevan and **Gruevski, Ilija** | *The Importance of Fiscal Illusion in Public Choice.* | Journal of Economics, 4 (2). pp. 46-53. ISSN 1857-9973 | 2019 |
| 12 | **Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan | *Testing of the Formal Statistical Validity of a Tax Model of the Investment Demand in the Republic of Macedonia.* | Journal of Economics, 4 (2). pp. 28-37. ISSN 1857-9973 | 2019 |

**4. Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик.** Кандидатот д-р Илија Груевски има доставено две потврди (уверенија) за познавање на англиски јазик. Исто така, неформално има познавања од српскиот и бугарскиот јазик.

**5. Способност за изведување на високообразовна дејност**. Д-р Илија Груевски целокупната своја 15-годишна кариера, од моментот на избор во асистент до вонреден професор, ја поминува во рамки на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Во текот на овој период, тој има реализирано плодна високообразовна дејност преку изведување на бројни предавања и вежби, менторства, пишување и објавување научни и стручни трудови, учебници, скрипти, практикуми, учества во научни конференции и проекти, изјави за медиуми итн. Тој е ментор на преку 50 дипломски трудови, 3 магистерски труда, а членувал и во бројни комисии за дипломски, магистерски и докторски трудови.

**Посебни услови за избор:**

**1. Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати.** Кандидатот д-р Илија Груевски учествувал во следниве четири проекти, кои може подетално да се погледнат на поставените линкови:

- Gogova Samonikov, Marija and Gaber, Stevan and **Gruevski, Ilija** and Davcev, Ljupco and Mitreva, Mila and Jordanov, Ivan and Gorgiev, Riste (2023) *„Ден на денарот"- 2023.* [Project]; https://eprints.ugd.edu.mk/32231/
- Gjorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and Miteva-Kacarski, Emilija and Paceskoski, Vlatko and Sofijanova, Elenica and Temjanovski, Riste and Dimitrova, Janka and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Davcev,Ljupco and **Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan and Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) *Business eco system as an integrated system-Be In.* [Project]; https://eprints.ugd.edu.mk/33285/
- Gogova Samonikov, Marija and Gaber, Stevan and **Gruevski, Ilija** and Davcev, Ljupco and Mitreva, Mila and Mihajlov, Mario and Nikolovski, Dejan and Spirkoska Micoska, Nikolina (2022) *„Ден на денарот"-2022.* [Project]; https://eprints.ugd.edu.mk/32230/
- Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Dimitrova, Janka and Georgieva Svrtinov, Vesna and Gaber, Stevan and **Gruevski, Ilija** and Koleva, Blagica and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Lazarov, Darko and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila (2021) *Трета меѓународна конференција*

*за бизнис, економија и финансии (ICBEF): Економски и социјални импликации од КОВИД-19, предизвици и предлози за надминување.* [Project]. *https://eprints.ugd.edu.mk/28347/*

**2. Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници.** Од моментот на избор во доцент до денес, кандидатот д-р Илија Груевски има дадено значаен придонес во оспособување на помлади наставници и соработници преку нивно вклучување во различни научни и стручни активности, проекти, заедничко пишување трудови, давање совети и менторства, рецензирање на трудови, давање препораки и сл.

**3. Рецензиран учебник, скрипта и практикум или авторско ЦД**. Д-р Илија Груевски во последните 5 години има објавено**:**

- Учебник по Локални финансии: **Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan (2023) *Основи на локални финансии.* Goce Delcev University - Stip. ISBN 978-608-277-020-8; *https://eprints.ugd.edu.mk/33125/*
- Учебник по Јавни финансии**:** Gaber, Stevan and **Gruevski, Ilija** (2022) *Јавни финансии.* Goce Delcev University – Stip, Faculty of Economics, Stip. ISBN 978-608-244-913-5; *https://eprints.ugd.edu.mk/30188/*
- Учебно помагало (практикум и збирка задачи) по Финансиски менаџмент: **Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan (2020) *Практикум и задачи по финансиски менаџмент.* ISBN 978-608-244-783-4. *https://eprints.ugd.edu.mk/30183/*

**4. Да има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=40; (НИ)=45; (САОР)=15 или вкупно 100 поени.** Кандидатот д-р Илија Груевски во изборниот период 2019-2023 година има остварено вкупно 201 поен од кои 40 од наставно-образовна дејност, 118 поени од научноистражувачка дејност и 43 поени од стручно-апликативна и организациско-развојна дејност. Во продолжение следи детална оценка на неговата високообразовна дејност (наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност).

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Наставно-образовниот ангажман на д-р Илија Груевски се протега уште од 2008 година, кога е избран во *помлад асистент* за предметите *Основи на економија* и *Применета економија* на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Во 2011 година, тој го продолжува својот наставно-образовен ангажман, но сега на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, кога е избран во *асистент* на група предмети од научната област финансии, но и на други предмети од поширокото подрачје на економијата, како што се: Финансиски менаџмент; Основи на финансии; Меѓународен финансиски менаџмент; Основи на економија; Микроекономија; Локални финансии; Европски монетарен систем и монетарна политика; Економија на животна средина; Трговско право и сл. Во исто време, како асистент, ги опслужува економските предмети кои се слушаат и на Правниот факултет: Основи на економија; Применета економија; Финансиски менаџмент и Регулација на финансиски пазари и институции.

Во 2014 година, д-р Илија Груевски е избран во *доцент* во областа фискална економија (Катедра за финансии), при што ги покрива следниве предмети: Јавни финансии; Локални финансии, Финансиски менаџмент, Основи на финансии;

Меѓународен финансиски менаџмент; Кредитна политика; Применета економија; Финансиски пазари и институции и сл. Освен на матичниот, Економски факултет, тој е ангажиран и на Правниот факултет, како и на Факултетот за информатика или поконкретно, на насоката Бизнис информатика. На вториот циклус студии е одговорен за предметот Финансиски менаџмент

Неговата наставно-образовна дејност продолжува и понатаму, кога во 2019 година е избран за *вонреден професор* во областа на фискалната економија, при Катедрата за финансии. Во претстојниот период тој покрива повеќе предметни дисциплини кои се слушаат на програмите од прв циклус студии, како што се: Финансиски менаџмент, Локални финансии, Кредитна политика и Применета економија, а истовремено по дел од овие предмети е ангажиран и на Земјоделскиот факултет и Факултетот за информатика. На втор циклус студии ги покрива предметите: Финансиски менаџмент, Државни финансии, Меѓународни даночни системи и Меѓународен финансиски менаџмент, додека на третиот циклус студии е ангажиран на предметите: Финансиски менаџмент, Јавни финансии и Современи финансии.

Во времето на академскиот ангажман како *вонреден професор,* кандидатот има остварено успешна наставно-образовна и научноистражувачка дејност изразена преку:

- редовно одржување на предавања и вежби;
- редовно одржување на консултации и менторства;
- објавени бројни научни и стручни трудови, учебници, скрипти и практикуми;
- учества на меѓународни конференции;
- менторства на дипломски трудови;
- менторства на магистерски трудови;
- учество во научни проекти и сл.

*Во прилог на документацијата за избор, а согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатот д-р Илија Груевски ги достави во прилог следните трудови:*

**Објавени научни и стручни трудови**

***Научни трудови објавени во меѓународни научни списанија***

1. **Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan (2023) *Municipal Fiscal Capacity in North Macedonia.* Journal of Economics, 8 (2). pp. 27-38. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/32647/
2. **Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan (2022) *High Inflation, Higher Taxes and Negative Interest Rates: Are These the Villains of the Macedonian Capital Stock.* Journal of Economics, 7 (2). ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/30944/
3. Gaber, Stevan and **Gruevski, Ilija** (2021) *Fiscal Challenges in Pandemic Times.* Journal of economics, 6. pp. 109-118. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/29075/
4. **Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan (2021) *The Full VAT/GST Liability Regime of Digital Platforms in the Collection of Taxes on Online Sales.* Journal of economics, 6. pp. 119-134. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/29076/
5. **Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan (2021) *Basic Time Series Models in Financial Forecasting.* Journal of economics, 6 (1). pp. 76-89. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/29074/

6. Gaber, Stevan and **Gruevski, Ilija** (2021) *Economic Aspects of Public Debt.* Journal of Economics, 6 (1). pp. 45-53. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/29073/

**7. Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan (2020) *Estimation of Dividend Policy on Aggregate and Firm's level: Are Dividends Important for the Resident Shareholder.* Journal of Economics, 5 (2). pp. 57-68. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/26691/

8. Gaber, Stevan and **Gruevski, Ilija** (2020) *Property Taxation in North Macedonia.* Journal of Economics, 5 (2). pp. 11-19. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/26690/

**9. Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan (2020) *Determinants of the Capital Demand in Macedonia: Do Low Tax Rates Really Play an Important Role for Domestic Investment.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 49 (1). ISSN 2307-4531 https://eprints.ugd.edu.mk/23390/

10. Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and **Gruevski, Ilija** and Zdraveva, Zorica (2020) *The situation with the development of small and medium-sized enterprises in Macedonia in relation to the sources for their financing.* Journal of Economics, 5 (1). pp. 10-20. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/27006/

11. Gaber, Stevan and **Gruevski, Ilija** (2019) *The Importance of Fiscal Illusion in Public Choice.* Journal of Economics, 4 (2). pp. 46-53. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/23391/

**12. Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan (2019) *Testing of the Formal Statistical Validity of a Tax Model of the Investment Demand in the Republic of Macedonia.* Journal of Economics, 4 (2). pp. 28-37. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/23392/

***Трудови во стручни (научно-популарни) списанија***

13. Petreska, Nadica and **Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan (2020) *Сигнализирачкиот ефект на македонските дивиденди.* Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, 21 (1). pp. 29-35. ISSN 1857- 7628 https://eprints.ugd.edu.mk/26904/

14. Petreska, Nadica and **Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan (2020) *Ризик и принос на акции од македонскиот пазар на капитал.* Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, 21 (1). pp. 37-51. ISSN 1857- 7628 https://eprints.ugd.edu.mk/26905/

15. Gaber - Naumoska, Vasilka and Gaber, Stevan and **Gruevski, Ilija** (2020) *Детерминирачки фактори на финансиските кризи.* Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, 21 (1). pp. 73-83. ISSN 1857- 7628 https://eprints.ugd.edu.mk/26906/

16. Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija (2020) *Ефектот од индивидуалниот избор во процесот на фискално одлучување.* Godisen zbornik, 19. pp. 141-150. ISSN 1857-7628 https://eprints.ugd.edu.mk/26693/

**17. Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan (2020) *Ефектот од оданочувањето врз просечната пондерирана цена на капиталот.* Godisen zbornik, 19. pp. 101-115. ISSN 1857-7628 https://eprints.ugd.edu.mk/26694/

18. Sofijanova, Elenica and **Gruevski, Ilija** (2020) *Времето, трошоците и перформансите – релевантни системи во менаџирање со проекти.* Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, 21 (1). ISSN 1857- 7628 https://eprints.ugd.edu.mk/27259/

**Објавени научни книги и учебно помагало**

**19. Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan (2023) *Основи на локални финансии.* Goce Delcev University - Stip. ISBN 978-608-277-020-8 https://eprints.ugd.edu.mk/33125/

20. Gaber, Stevan and **Gruevski, Ilija** (2022) *Јавни финансии.* Goce Delcev University – Stip, Faculty of Economics, Stip. ISBN 978-608-244-913-5 https://eprints.ugd.edu.mk/30188/

**21. Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan (2020) *Практикум и задачи по финансиски менаџмент.* ISBN 978-608-244-783-4 https://eprints.ugd.edu.mk/30183/

***Докторска дисертација***

**22. Груевски, Илија** (2012) *Економските ефекти од даночните стимулации.* Економски факултет, УКИМ, Скопје.

***Учество во проекти***

23. Gogova Samonikov, Marija and Gaber, Stevan and **Gruevski, Ilija** and Davcev, Ljupco and Mitreva, Mila and Jordanov, Ivan and Gorgiev, Riste (2023) *„Ден на денарот"-2023.* [Project] https://eprints.ugd.edu.mk/32231/

24. Gjorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and Miteva Kacarski, Emilija and Paceskoski, Vlatko and Sofijanova, Elenica and Temjanovski, Riste and Dimitrova, Janka and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Davcev,Ljupco and **Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan and Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) *Business eco system as an integrated system-Be In.* [Project]; https://eprints.ugd.edu.mk/33285/

25. Gogova Samonikov, Marija and Gaber, Stevan and **Gruevski, Ilija** and Davcev, Ljupco and Mitreva, Mila and Mihajlov, Mario and Nikolovski, Dejan and Spirkoska Micoska, Nikolina (2022) *„Ден на денарот"-2022.* [Project] https://eprints.ugd.edu.mk/32230/

26. Gorgieva - Trajkovska, Olivera and Miteva - Kacarski, Emilija and Dimitrova, Janka and Georgieva Svrtinov, Vesna and Gaber, Stevan and **Gruevski, Ilija** and Koleva, Blagica and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Lazarov, Darko and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila (2021) *Трета меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии (ICBEF): Економски и социјални импликации од КОВИД-19, предизвици и предлози за надминување.* [Project] https://eprints.ugd.edu.mk/28347/

***Кратка евалуација на еден дел од трудовите, а другите се достапни на е-репозиториумот на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип:*** https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Gruevski=3AIlija=3A=3A.htm.

**Евалуација на учебникот под р.б. 19: Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan (2023) *Основи на локални финансии.* Goce Delcev University - Stip. ISBN 978-608-277-020-8. Имајќи ја предвид важноста на фискалната децентрализација како неопходен елемент за постигнување на ефикасна алокација на локалните јавни ресурси, но и нужен предуслов за обезбедување на квалитетни јавни добра и услуги, како и согледувајќи го нејзиниот динамичен и сè уште незаокружен тек, можеме да констатираме дека значењето на јавните и посебно локалните финансии, како никогаш досега не успеале да ја капитализираат својата научна и практична вредност. Ако на претходново се додаде постоечкиот дефицит на стручна и

научна литература од полето на локалните финансии, тогаш реализацијата на квалитетен учебник кој ќе ја обработува оваа проблематика станува повеќе од потребна. Во таа насока, учебникот со наслов „Основи на локални финансии" би требало да ја пополни констатираната празнина во литературниот фонд од областа на локалните финансии и фискалната децентрализација, со понуда на учебен материјал кој ќе биде од сестрана корист, како за студентите на прв циклус студии, така и за студентите со повисоки степени на образование. Имено, структурата на наставниот материјал кој се обработува е изработена според најсовремените прирачници за локални финансии, конкретно прирачникот за локални финансии од Светската банка, кој им се препорачува на земјите како водич во процесот на имплементација и изградба на националниот систем за финансирање на општините и локалните заедници. Основната структура, сржта на материјалот се состои од четири клучни прашања: 1) распределба на надлежностите за извршување на локалните приходи (revenue assignment); 2) распределба на надлежностите за реализација на локалните расходи (expenditure assignment); 3) улогата и значењето на меѓувладините фискални трансфери (intergovernmental transfers) и 4) екстерните извори на финансирање или поконкретно прашањето за локалниот долг и задолжувањето на локалните власти (borrowing and debt). Како додатни теми кои се обработуваат се интро или воведот во јавните и локалните финансии и особено по важност се истакнува делот кој се однесува на фискалната децентрализација. Овие компоненти го сочинуваат фундаментот на предметната дисциплина и токму тоа е причината поради која насловот на учебникот гласи „Основи на локални финансии".

**Евалуација на учебникот под р.б. 20: Gaber, Stevan** and **Gruevski, Ilija** (2022). *Јавни финансии*. Goce Delcev University – Stip, Faculty of Economics, Stip. ISBN 978-608-244-913-5. Книгата се очекува да биде значаен извор за научната литература која се занимава со прашања од фискалната проблематика, а кои постојано се од интерес за пошироката научна и стручна јавност, но и за секојдневните читатели, кај кои постои интерес за начинот на извршување на фундаменталните функции на државата. Интересот за квалитетот на понудените јавни добра и услуги, но и нивото на остварување многубројни економски, социјални, демографски, еколошки и други цели сериозно може да го подобри пристапот на извршната власт во управувањето со јавните финансии, како и да го подобри животниот стандард на граѓаните. Учебникот вклучува десет поглавја каде елаборирани се сите најважни прашања поврзани со јавните финансии, како што се: воведот во јавните финансии, економските функции на државата, јавните расходи, јавните приходи, даноците и даночната политика, останатите јавни приходи, јавниот долг, буџетот и буџетската политика, буџетскиот дефицит и фискални правила. Целта на пишување на овој учебник ќе се смета за остварена доколку читателот биде во можност да ја препознае, разбере и толкува проблематиката од јавните финансии во секојдневниот живот и таквата научна вистина ја поврзе со севкупните финансиски текови во националната економија. Учебникот, како прво издание, трасира нова патека во научно-истражувачката дејност на авторите, а која воедно претставува еден вид награда за повеќегодишното научно работење во областа на јавните финансии. Станува збор за научна дисциплина која постојано подложна е на разновидни промени, особено во нашата држава, што може брзо на доведе до тоа некои фискални аспекти да добијат застарен третман.

**Евалуација на учебното помагало под р.б. 21: Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan (2020). *Практикум и задачи по финансиски менаџмент*. ISBN 978-608-244-783-4. Ракописот кој носи наслов „Практикум и задачи по финансиски менаџмент" од авторите проф. д-р Илија Груевски и проф. д-р Стеван Габер е наменет за студентите на Економскиот факултет како учебно помагало (практикум и збирка задачи) по предметот Финансиски менаџмент. Мотивот на авторите за ракописот е да се потенцира и продлабочи практичната (емпириска) страна на наставната материја, во која јасно доминира теоретската литература. Со понудениот ракопис, всушност, му се овозможува на студентот конкретно решение на даден практичен проблем и можен начин на исползување на техниките за евалуација на финансиски или инвестициски одлуки. Вредноста на ракописот може да биде и поголема, ако се има предвид дека дел од разработените техники, освен за професионални потреби можат да се искористат и во секојдневниот живот. Образложената материја во ракописот на авторите д-р Илија Груевски и д-р Стеван Габер кој носи наслов „Практикум и задачи по Финансиски менаџмент" е систематизирана и презентирана во шест глави, според следниов редослед:
Глава 1 - Основните финансиски извештаи на претпријатието; Глава 2 - Финансиска анализа и финансиските показатели на претпријатието; Глава 3 - Временската вредност на парите како фундаментален принцип во Финансискиот менаџмент; Глава 4 - Проценка на вредност на долгорочни хартии од вредност и на претпријатија; Глава 5 - Цена (трошок) и структура на капиталот и Глава 6 - Ризик и принос.

**Евалуација на трудот под р.б. 1: Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan (2023) *Municipal Fiscal Capacity in North Macedonia.* Journal of Economics, 8 (2). pp. 27-38. ISSN 1857-9973. Темата за фискалниот капацитет на македонските општини, полека но сигурно, се наметнува како една од најважните аспекти на локалната фискална политика во рамки на отпочнатиот процес на фискална децентрализација во нашата земја. Имено, високиот фискален капацитет е самиот по себе добар аргумент за силна и одржлива локална самоуправа, со оглед дека обезбедува посамостоен и поефикасен процес на собирање и наплата на сопствените локални приходи. Доволниот фискален капацитет може значително да помогне во креирањето на ефикасна даночна и буџетска политика на централните и локалните власти. Може да помогне, исто така, и во постигнувањето на поголема независност на општините од централната влада, како и во еквилизацијата на финансиски послабите локални заедници. Главно, фискалниот капацитет е детерминиран од даночниот и административниот капацитет на локалните власти од аспект на собирањето на сопствените приходи, додека разликите кои постојат во обемот на собраните сопствени приходи се нарекува фискален диспаритет. Фундаментален дел на овој труд се и образложените главни методи за процена на фискалниот капацитет и мерење на потенцијалните фискални диспаритети на некои од македонските општини. Тие ги земаат предвид потенцијалните приходи на општините кои истите можат да ги остварат од својата потенцијална даночна основа, под претпоставка да применуваат просечна даночна стапка, односно вложуваат просечен даночен напор. Исто така, важна претпоставка е општините да имаат одредена контрола врз приходите кои произлегуваат од својата (потенцијална) даночна основа. Токму заради тоа, препораките одат во насока дека приходите кои ја детерминираат потенцијалната даночна основа претежно треба да се состојат од сопствените приходи, но некои автори тука ги

вбројуваат и приходите од заеднички даноци и приходите од наменски (условни) трансфери. Статистичките податоци покажуваат дека разликите во фискалниот капацитет, односно собраните даноци на имот и приходите од развојни такси, претежно произлегуваат од разликите помеѓу фискалниот капацитет и даночниот напор кој го вложуваат општините при наплаќањето на сопствените приходи. Притоа, споменатите варијации во приходите се сигнификантни помеѓу урбаните и руралните македонски општини, како и помеѓу општините на Град Скопје. Поволен инструмент кој поседува одреден капацитет за еквилизација на констатираните фискални диспаритети се општите (ненаменски) трансфери или кај нас дотациите врз основа на ДДВ.

**Евалуација на трудот под р.б. 2: Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan (2022) *High Inflation, Higher Taxes and Negative Interest Rates: Are These the Villains of the Macedonian Capital Stock.* Journal of Economics, 7 (2). ISSN 1857-9973. Целта на овој труд е да се истражат можните последици врз домашниот процес на акумулација на капиталот, генерирани од страна на тековната економска криза предизвикана од Руско-украинскиот конфликт, како и од претстојната даночна реформа од јануари 2023 година. Со намера да се одврати инвазијата на Русија, западните земји ѝ наметнаа бројни санкции, кои засега не го даваат посакуваниот резултат. Наместо постигнување на посакуваната цел, тие се соочија со бран на ценовни поскапувања, особено на храната, енергијата и нафтените деривати, така што повторно се експонира кревкоста и енергетската зависност на европските економии. Од овој тренд не беше исклучена ниту Северна Македонија, напротив, стапката на инфлација постигна рекордни бројки, по 1994 година, која беше забележана како година на затворање на поглавјето на транзициската хиперинфлација. Во меѓувреме, монетарните власти реагираа бавно, без да понудат адекватен одговор на забрзувањето на инфлациската спирала. Имено, Централната банка ја подигна референтната каматна стапка, но недоволно за да ја опфати инфлациската премија. Како резултат на инертната реакција, реалните каматни стапки паднаа длабоко во негативна зона, кои како што ќе видиме од презентираното истражување, имаат потенцијал да ја намалат маргиналната продуктивност на капиталот и неговата акумулација. Од друга страна, се очекува најавената даночна реформа, исто така да има негативни импликации врз инвестицискиот циклус, но со значајно помал ефект. Сите овие детерминанти се истражени со примена на домашниот модел на формирање на капиталот, развиен врз фундаментите на неокласичната теорија на инвестициите (Neoclassical Theory of Investment), концептот на маргиналната продуктивност на капиталот (Marginal Productivity of Capital) и принципите на маргиналните ефективни даночни стапки (Marginal Effective Tax Rates). Добиените резултати сугерираат дека за првпат во последните три декади постои реална можност за остра контракција на инвестициската активност во државава и нарушување на континуираниот (перпетуален) циклус на акумулација на капиталот во домашната економија.

**Евалуација на трудот под р.б. 3:** Gaber, Stevan and **Gruevski, Ilija** (2021) *Fiscal Challenges in Pandemic Times.* Journal of economics, 6. pp. 109-118. ISSN 1857-9973. Неочекуваните здравствени кризи кои се појавија на крајот на 2019 година и кои моментално опстојуваат предизвикаа сериозни владини предизвици во водење на ефикасна фискална политика. Зголемените здравствени, образовни, социјални и други трошоци поврзани со здравствената криза предизвикаа интензивни реакции кај владите преку повисоки јавни расходи, кои беа финансирани доминантно од

меѓународните финансиски пазари. Веќе повисокиот однос на јавниот долг кон БДП во некои земји ги надминува критериумите од Мастрихт на оваа клучна фискална променлива што започна некои сериозни прашања за идните владини финансиски одговори. Оваа пандемија отвори некои предлози и размислувања за поголеми или помали даночни реформи во некои земји. Ако претходно владите не сакаа да воведат некакви даночни промени, сега гледаат можност лесно да го оправдаат овој фискален чекор. Луѓето кои се подложени на болеста КОВИД-19 јавно се осврнуваат на потребата од значителна владина помош во однос на здравствените трошоци. Истражувањата на ММФ покажуваат дека луѓето кои се соочиле со оваа болест бараат повеќе промени во дистрибутивната фискална функција. Фирмите и домаќинствата со дополнителни профити и приходи треба да се оданочуваат со повисоки даночни стапки и корпоративни даноци. Причината за ова барање е тековниот процес на нерамномерно распределен национален доход, кој во пандемични околности влијае на повеќе пониски слоеви на приходи на домаќинствата. Меѓутоа, на реалниот сектор во Северна Македонија јавно е против повисоките даночни стапки и тие бараат од владата прво да ја легализира сивата економија која ја сметаа за сериозна конкурентна и фискален проблем.

**Евалуација на трудот под р.б. 4: Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan (2021) *The Full VAT/GST Liability Regime of Digital Platforms in the Collection of Taxes on Online Sales*. Journal of economics, 6. pp. 119-134. ISSN 1857-9973. Неспорно е дека развојот на електронските пазари и другите дигитални платформи ги олеснија трансакциите помеѓу купувачите и продавачите и континуирано придонесуваа за брзиот раст на онлајн трговијата. Овој тренд никогаш не бил поочигледен за време на пандемската криза, бидејќи доказите сугерираат дека повеќе од две третини од целата прекугранична е-трговија на стоки ширум светот се врши преку онлајн пазари. Растечкото значење на овој сегмент го наметнува прашањето за поефикасна и поефикасна наплата на ДДВ на онлајн продажбата на стоки, услуги и нематеријални добра. Некои јурисдикции веќе имаат имплементирано мерки кои ги обврзуваат дигиталните платформи да собираат ДДВ од онлајн продажбата и, уште поважно, објавија позитивни резултати во подобрувањето на наплатата и добивките од даночните приходи. Охрабрен од овие резултати, ОЕЦД иницираше развој на меѓународно прифатени стандарди и мерки за ефикасно вклучување на дигиталните платформи во наплатата на ДДВ при онлајн продажбата. Целта на овој труд е да се претстави кратка елаборација на практичните насоки и принципи на ОЕЦД за дизајнирање и имплементација на можните решенија за вклучување на е-пазарите и другите дигитални платформи како остварливо средство за наплата на ДДВ. Евентуално, тоа може да послужи како почетна рамка за домашните и другите власти за евентуално спроведување на таква слична мерка, особено во блиска иднина, бидејќи секој дополнително прибран приход може да стане многу важен.

**Евалуација на трудот под р.б. 5: Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan (2021). *Basic Time Series Models in Financial Forecasting.* Journal of economics, 6 (1). pp. 76-89. ISSN 1857-9973. Прогнозирањето е неизбежен процес на современиот живот. Станува збор за предвидувања на иднината врз основа на збир на историски или сегашни информации и најчесто придружени со анализа на трендовите. Прогнозирањето користи различни техники на предвидување во зависност од изворот на информации и целта на прогнозата. Главниот интерес на овој напис се основните методи на временски серии кои се користат во финансиското

предвидување, особено методот на едноставен подвижен просек, методот на пондериран подвижен просек и методот на експоненцијален подвижен просек. Верзија на едноставниот подвижен просек е кумулативниот подвижен просек, кој исто така е претставен на краток рок. Тие обично се користат за предвидување временски серии без манифестирање тренд или сезонска компонента. Анализата на методите за прогнозирање вклучува преглед на основните концепти за предвидување, предлози за можна примена и споредба на карактеристиките на ограничувањата.

**Евалуација на трудот под р.б. 6:** Gaber, Stevan and **Gruevski, Ilija** (2021) *Economic Aspects of Public Debt*. Journal of Economics, 6 (1). pp. 45-53. ISSN 1857-9973. Јавниот долг е една од клучните форми на јавни приходи неопходни за постигнување на некои стабилизациски цели на фискалната политика, како што се стабилна инфлација, целосна вработеност, трговски биланс, економски раст, економски развој и примарно обезбедување на финансии за државните јавни расходи. Тој е дефиниран како извонреден извор за финансирање на јавните расходи, но пред сè тој се смета за ефективен инструмент на фискалната политика во остварувањето на економскиот раст и развој. На јавниот долг се гледа како на акумулација на различни форми на заеми, кои вообичаено ги реализира државата за спроведување на економската и фискалната политика. Континуитетот во емисијата на јавниот долг е иманентен во определувањето за постигнување високи нивоа на инвестиции во различни области од јавниот сектор, како што се здравството, инфраструктурата, образованието итн. Со економскиот раст и повисоките барања за различни видови на јавни добра, државата е соочена со проблемот на обезбедување дополнителни извори на финансии кои ќе ги задоволат потребите на луѓето и дополнително ќе ја поттикнат економијата. Меѓутоа, доколку државата одлучи да го намали нивото на јавен долг, тогаш владата ќе ги прекине емисиите на јавниот долг и ќе го искористи буџетскиот суфицит за да ги исплати имателите на обврзници. Исто така, многу важен е изворот на јавен долг, внатрешен или надворешен, кој може да ја остави земјата без потребниот капитал за обезбедување на економски развој. Затоа, продуктивното користење на позајмените пари е од суштинско значење за да се има оправдување за продолжување со политиката на финансирање на дефицитот. Наспроти тоа, непродуктивното користење на јавниот долг би било ризично и би ја доближило државата до прекумерно задолжување и конечно банкрот.

**Евалуација на трудот под р.б. 7: Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan (2020). *Estimation of Dividend Policy on Aggregate and Firm's level: Are Dividends Important for the Resident Shareholder.* Journal of Economics, 5 (2). pp. 57-68. ISSN 1857-9973. Како дел од општата политика на фирмата, политиката за дивиденда се занимава со тоа како се распределува нето-добивката по оданочување меѓу акционерите. Овој труд го истражува влијанието на политиката на дивиденда врз цената на акциите на фирмата. Историски гледано, два главни академски текови преовладуваа во финансиите во однос на политиката на дивиденда: заговорниците кои ја застапуваа нејзината важност и противниците кои му пркоселе. Основната методолошка рамка што се користи се состои од Гордоновиот модел за евалуација на цените на акциите елабориран во неговото дело „Дивиденди, заработка и цени на акции". Во текот на нашето истражување беа следени два пристапа: макроанализа со збирни податоци; и микроанализа со поединечни податоци. Примената на Гордоновиот модел на збирни податоци не ја откри вистинската врска помеѓу политиката

на распределба на заработката и движењето на индексот на референтната цена МБИ-10. Понатамошната анализа на макро пристапот откри неколку можни причини кои доведоа до неконзистентен исход. Спротивно на тоа, регресијата со микроподатоци генерираше значајни резултати, а тоа докажува дека идејата на Гордон за релевантноста на политиката за дивиденда е сѐ уште „жива“ барем за компанијата со еден резидент.

**Евалуација на трудот под р.б. 8:** Gaber, Stevan and **Gruevski, Ilija** (2020) _Property Taxation in North Macedonia_. Journal of Economics, 5 (2). pp. 11-19. ISSN 1857-9973. Даноците на имот се еден од најсуштинските даноци за локалните власти во секоја земја. Тие се главниот извор за обезбедување на општината со финансии за обезбедување јавни добра и услуги. Последната деценија на нестабилна фискална политика ја поттикна потребата од преиспитување на улогата и потенцијалот за реформи или модернизација на овие видови даноци. Со оглед на постојано растечката жед за поголеми трошоци и продолжување со процесот на фискална децентрализација во Северна Македонија, локалните самоуправи се соочуваат со потребата да обезбедат повеќе финансии. Затоа, целта е да се испита моменталната структура на даноците на имот во Северна Македонија, да се споредат со некои земји во Европа и конечно да се предложат активности во врска со некои промени во локалната даночна политика со цел да се подобри наплатата на даноците. Тие промени треба да следат по растечките нееднаквости меѓу граѓаните во земјава. Во повеќето развиени земји обемот на данокот на имот вклучува недвижен имот и лична сопственост, како возила, подвижни предмети за домаќинството. Дури и некои земји ја земаат предвид сопственоста на недвижен имот во други земји низ светот со цел навистина да го откријат богатството на некои луѓе. Последната реакција од централната власт за да се надмине дупката во локалните буџети (владата се задолжи за 50.000.000 евра) беше со намера да се намали нивото на долгот во повеќето локални општини и да се обезбеди нивно секојдневно функционирање. Оттогаш има многу дискусии во насока на подобро функционирање на локалните самоуправи преку подобра наплата на локалните приходи.

**Евалуација на трудот под р.б. 9: Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan (2020). _Determinants of the Capital Demand in Macedonia: Do Low Tax Rates Really Play an Important Role for Domestic Investment_. *International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 49 (1).* ISSN 2307-4531. Многу е тешко да се најдат силни аргументи и да се оспори нарушувачката суштина на даноците. Тие изградија училишта и болници, но исто така ја нарушуваат економската ефикасност. Уште од првите денови на независноста, функционерите во Република Македонија се обидоа да ја решат оваа „дилема“ во даночната политика, првично балансирајќи од повисоките даноци за време на даноците од 90-тите до „нула“ даноци со што ја одбележаа последната деценија. Генерално, во фокусот на најголемата даночна реформа преземена во 2006 година беа економската ефикасност и инвестициите, аналогно на што следеше период со пониски даночни стапки. Сега кога стоиме пред уште еден предизвик, откако владата го најави новиот курс во даночната политика во кој повисоките и прогресивните даноци се основни атрибути, време е да се одговори на прашање дали претходната „ера“ на ниски даночни стапки ја заслужи оправданоста на својата цел. Со намера да одговори на ова и на многу други прашања, како и да го истражи и прецизира механизмот на формирање капитал во домашната економија, целта на овој труд е да ги идентификува и оцени

факторите на побарувачката на капитал во Република Македонија, како и да се истражи: дали политиката на ниски даночни стапки имала некоја значајна улога за домашните инвестиција? Врз основа на концептот на трошоците за капитал од методолошката рамка на METR, развиен од Devereux & Griffith, даночната компонента беше одделно испитана од неданочната (економска) компонента на трошокот на капиталот со цел да се измери нивниот поединечен придонес на акумулацијата на капитал. Со оглед на резултатите од анализата, дадена е критичка оценка за сегашниот сет на мерки на политиката, како и препораки за нови истраги во областа на фискалната и даночната политика.

**Евалуација на трудот под р.б. 10:** Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and **Gruevski, Ilija** and Zdraveva, Zorica (2020) *The situation with the development of small and medium-sized enterprises in Macedonia in relation to the sources for their financing.* Journal of Economics, 5 (1). pp. 10-20. ISSN 1857-9973. Регистрирано е мало влијание на малите и средните претпријатија врз зголемувањето на вработеноста и додадената вредност во Република Македонија, во периодот од 2009 и 2013 година. Слично на регионалните економии, поголемиот дел од малите и средните претпријатија во нашата земја оперираат во секторот трговија на мало и големо (44%), а потоа следи мануфактурниот сектор или преработувачката индустрија (13%) (ОЕЦД, 2016). Анализирано според важноста на малите и средните претпријатија за македонската економија воопшто, целта на овој труд е да се потенцира постојниот јаз помеѓу добро идентификуваните слабости на домашната економија за стимулирање на очекуваниот животен век на малите и средните претпријатија од една страна, како и нивниот развој од друга страна, преку разните форми на извори на финансирање кои се расположливи за нив. Во таа насока, со користење на методите на статистичка анализа и компарација, се изведени заклучоци за тековната состојба во врска со деловното окружувањето на малите и средните претпријатија, како и за формите на финансирање кои ги користат малите и средните претпријатија во Македонија.

**Евалуација на трудот под р.б. 11:** Gaber, Stevan and **Gruevski, Ilija** (2019) *The Importance of Fiscal Illusion in Public Choice.* Journal of Economics, 4 (2). pp. 46-53. ISSN 1857-9973. Овој труд има за цел да нагласи фискална материја, најпрво истражена од Пувијани, позната како фискална илузија. Ова е случај на набљудување и реагирање на основа на клучните фискални параметри, кои на крајот може да наметнат дисторзија на фискалните избори направени од електоратот. Има бројни елементи, како: даночната структура, јавните расходи, кои во голема мера се прикриени така што гласачите ги немаат вистинските информации за трошоците за обезбедување на одредени јавни услуги. Во земјите со високи јавни расходи присутни се високи стапки на индиректни даноци, бидејќи тие ја заматуваат перцепцијата на даночниот обврзник за висината на платениот данок. На тој начин тие собираат поголема сума на даночни приходи кои се користат за финансирање на јавниот сектор. Високиот процент на индиректни даноци во јавните приходи влијае на побарувачката за јавни услуги, бидејќи придобивките се јасни како ден, но не и нивните трошоци. Таквата погрешна перцепција на расходите на јавниот сектор при постоење на индиректни даноци е јасен пример за фискална илузија. Ако нивото на фискалната илузија е високо, тогаш граѓаните не се во позиција јасно да ги видат државните трошоци, што, пак, ја отежнува контролата на користењето на народните пари. Стимулот за контрола на парите е понизок, бидејќи трошоците се сметаат за помали отколку што навистина се.

**Евалуација на трудот под р.б. 12: Gruevski, Ilija** and Gaber, Stevan (2019) *Testing of the Formal Statistical Validity of a Tax Model of the Investment Demand in the Republic of Macedonia*. Journal of Economics, 4 (2). pp. 28-37. ISSN 1857-9973. Овој труд е наменет за презентација на формалните чекори на тестирање на статистичката валидност на моделот на повеќекратна регресија кој го објаснува формирањето на инвестициската побарувачка во Република Македонија. Овој специфично развиен модел се заснова на концептот на „трошокот на капиталот", кој е познат како еден од најтрадиционалните пристапи кој може ефективно да го објасни формирањето на побарувачката на капитал во одредена земја, особено во интеракција со промените во даночниот код. Затоа се смета за соодветен модел со цел да се открие дали даночните стапки на земјата играат или не играат значајна улога во создавањето на домашната побарувачка за инвестиции. Поточно, статистичката анализа на презентираниот модел ја потврдува неговата формална валидност, бидејќи сите формални претпоставки во однос на резидуалите од повеќекратната регресија се генерално задоволени.

***Завршна евалуација на наставно-педагошката и научно-истражувачката дејност.***

Во рамките на научноистражувачката дејност и наставно-педагошката дејност, Рецензентската комисија констатира дека д-р Илија Груевски е посветен наставник и истражувач од областа на фискалната економија, финансиите и финансискиот менаџмент, кои ги извршува професионално и стручно. Неговиот опус во научната и образовната литература е исклучително широк и корисен, со авторско портфолио кое се состои од 73 трудови, книги, скрипти и разни други литературни единици, објавени во референтни научни публикации, научни собири, годишни зборници и сл. Д-р Илија Груевски учествувал и во проекти од научноистражувачки и стручно-апликативен карактер, од кои дел се реализирани во рамките на Фондот за научноистражувачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, а дел се поддржани од екстерни извори.

И во наставно-педагошкиот дел д-р Илија Груевски, исто така, има богато професионално искуство. За време на неговата кариера во високото образование од асистент до вонреден професор покривал бројни предмети на Економскиот, Правниот и Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Како истакнати предмети на кои тој бил ангажиран се оние од Катедрата за финансии, како што се предметните дисциплини: Локални финансии, Јавни финансии, Финансиски менаџмент, Кредитна политика, Меѓународни даночни системи, Меѓународен финансиски менаџмент, Меѓународни финансии и други, но и предмети од други области, како Применета економија и Основи на економија. Во извршувањето на неговата професија, односно наставно-образовната дејност, д-р Илија Груевски е исклучително посветен наставник, секогаш приемчив и достапен за студентите и колегијален кон останатите професори, а во презентацијата на наставната материја применува јасен и експлицитен пристап со примена на класичните, но и современите педагошки методи за пренесување на знаењата.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатот д-р Илија Груевски има партиципирано во бројни стручно-апликативни и организациско-развојни активности од кои може да се согледа

неговиот интерес за професионален развој и проширување на академското, но и стручното искуство. Во овој опсег се вклучуваат и организациските активности за унапредување и развој на институцијата во која делува. Некои од тие активности се набројани во продолжение:

- член на Наставно-научен совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- член на Наставно-научен совет на трет циклус студии на Кампус 4 при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- член на Изборна комисија за избор на декан;
- член на Уписна комисија за уписи на студенти на прв циклус студии за учебна 2019/2020 година;
- член на Организацискиот одбор на проектот - Трета меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии „Економски и социјални импликации од КОВИД 19, предизвици и предлози за надминување“;
- член на Организацискиот одбор на проектот „Ден на денарот“;
- учество во изработка на елаборати за прв, втор и трет циклус на студии.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот вон. проф. д-р Илија Груевски ги исполнува сите услови за избор во наставно-научното звање редовен професор.

Врз основа на наставно-образовната, научноистражувачка, стручно-апликативната и севкупната активност во периодот од избор во вонреден професор до денес, Комисијата го верификува научниот и стручен развој на кандидатот вон. проф. д-р Илија Груевски преку остварени вкупно 201 поени од кои 40 поени во наставно-образовна дејност, 118 поени во научно-истражувачка дејност и 43 поени во стручно-апликативна и организациско-развојна дејност.

Според изнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, вон. проф. д-р Илија Груевски да биде избран во **звањето редовен професор во научната област фискална економија** и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за кандидатот да биде избран во наставно-научното звање редовен професор за претходно назначената област на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Живко Атанасовски, редовен професор, член, с.р.
Д-р Стеван Габер, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 4. | Избор во звање вонреден професор | 1 | 40 | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научно-истражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **1.** | Научна книга или монографија (р.б. 19, 20) = 2 * 10 = 20 | 2 | 10 | | | 20 |
| **2.** | Дел од научна книга (р.б. 21) | 1 | 6 | | | 6 |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) – прв автор (р.б. 1, 2, 4, 5, 7, 9, 12) = 7 * 9 = 63, втор автор (р.б. 3, 6, 8, 11) = 4 * 6 = 24, останати автори (р.б. 10) = 1 * 3 = 3, вкупно 90 | 7<br>4<br>1 | 9<br>6<br>3 | | | 90 |
| **20.** | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 2 | 1 | | | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **118** |
| **Р. бр.** | **Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **5.** | Труд во стручно (научно-популарно) списание (р.б. 13, 14, 15, 16, 17, 18) | 6 | 2 | | | **12** |
| **13.** | Учесник во научен проект (р.б. 23, 24, 25, 26) | 4 | 5 | | | **20** |
| **27.** | Член на универзитетски и владини тела (ННС на трет циклус на кампус 4) | 1 | 5 | | | **5** |
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија (ННС, комисија за избор на декан, комисија за уписи за прв циклус за 2019/20) | 3 | 2 | | | **6** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **43** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **201** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАРКЕТИНГ И МАРКЕТИНГ МЕНАЏМЕНТ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1202-35/4 од 31.1.2024 година донесена на 244. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 31.1.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област маркетинг и маркетинг менаџмент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- д-р Ристе Темјановски, редовен професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, претседател;
- д-р Тамара Јованов-Апасиева, вонреден професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, член;
- д-р Ленче Петреска, редовен професор на Факултет за организација и претприемништво, Меѓународен славјански универзитет - Свети Николе, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ од 22.12.2023 година и во предвидениот рок се пријави само кандидатката д-р Моника Арсова.

Врз основа на приложената документација од кандидатката ас. д-р Моника Арсова, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економски факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Моника Арсова е родена на 20 февруари 1992 година во Штип, Република Македонија. Основното образование го завршува во 2006 година во ОУ „Тошо Арсов“ во Штип. Во 2010 година завршува средно образование во СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ во Штип на Општествено-хуманистичка насока. Додипломски студии завршува на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (2010-2014 г.) на Економски факултет, насока Финансиски менаџмент со просек 8,90. Потоа го продолжува своето образование, односно се запишува на постдипломски студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на Економски институт на насока Меѓународна економија и ги завршува студиите со одбрана на магистерски труд на тема „Стратегиите на промоција и на дистрибуција на прехранбените производи на примерот на претпријатието ’Брилијант’ - Штип“ во 2016 г. со просек 9,80. Истата година кандидатката се запишува на докторски студии на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип на Економски факултет, насока Деловна економија.

На почетокот од докторските студии кандидатката се вклучува во наставата на Економски факултет, како демонстратор на предметот Претприемништво кај проф. д-р Ристе Темјановски.

Во 2018 година, кандидатката се вработува во странска компанија „Meyer & Meyer“, каде што работи како координатор на меѓународен транспорт.

На 1.9.2022 година кандидатката се стекнува со диплома доктор по економски науки со одбрана на својата дисертација на тема „Глобалните стопански текови и информационите технологии - водечки сили за ефикасно управување со маркетинг каналите“.

**Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.**

**Општи услови:**

- Просечен успех на додипломски студии: 8,90 (Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, насока Финансиски менаџмент);

Просечен успех на магистерски студии: 9,80 (Економски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје; насока Меѓународна економија).

- Научен степен доктор на науки, со одбрана на докторската дисертација „Глобалните стопански текови и информационите технологии - водечки сили за ефикасно управување со маркетинг каналите“ на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
- Претходен избор во звање асистент на Катедра за менаџмент на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
- Објавени најмалку пет научни трудови во референтни научни публикации во последните пет години.

| Бр. | Автор | Наслов на труд | Списание |
|---|---|---|---|
| 1. | Arsova M., Temjanovski R., Jovanov T. | Globalization and its impact on the logistic systems of companies and new market challenges | *Macedonian International Journal of Marketing, 5 (10). pp. 6-17. ISSN 1857-9787, 2019* |
| 2. | Mitreva M., Arsova M., Jovanov T. | Digital marketing and the potential for financial growth of small and medium-sized businesses. | *Journal of Economics, 7 (1). ISSN 1857-9973, 2022* |
| 3. | Arsova M., Temjanovski R. | Consumer behavior and challenges in the new digital environment. | *Macedonian International Journal of Marketing, 15, pp. 5-16. ISSN 1857-9787, 2022* |
| 4. | Jovanov T., Fotova Cikovikj K., Mitreva M., Arsova, M. | Mass media usage from emerging adults in times of crisis: evidence from the COVID-19 pandemic. | *Journal of Economics, 8 (1). pp. 68-82. ISSN 1857-9973, 2023* |
| 5. | Arsova M., Mitreva M., Temjanovski R. | *Interrelationship between marketing activities and the financial performance of Huawei* | *Journal of Economics, 7 (1). ISSN 1857-9973, 2022* |

*Во делот наставно-образовна и научноистражувачка дејност е даден краток осврт на трудовите.

- Познавање на англиски јазик, потврда од Институт за јазици при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
- Кандидатката својата способност ја има покажано во текот на претходниот период додека ја вршеше својата должност како асистент. Постојаната интеракција со студентите, одржување на вежби во кои покрај теорија најчесто ја вклучува и праксата. Постојано следење на различните трендови во својата област се грижи на студентите да им ги пренесе.

**Посебни услови:**

- Кандидатката има одржано голем број на работилници со студенти.
- Кандидатката има учествувано на голем број меѓународни конференции каде што има презентирано свои научни истражувања.
- Две препораки од професори: проф. д-р Тамара Јованов-Апасиева, вонреден професор на Економски факултет и проф. д-р Ристе Темјановски, редовен професор на Економски факултет на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Во 2021 година кандидатката ас. д-р Моника Арсова се вработува на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип на Катедрата за менаџмент. Во првиот семестар од своето вработување, кандидатката ги одржува вежбите по предметите: Маркетинг, Интегрирани маркетинг комуникации, Маркетинг истражување, Претприемништво и Транспорт и логистика. Во рамки на своите вежби секогаш вклучува изработка на студии на случај од страна на студентите со што влијае на нивната интеракција.

Следниот семестар одржува вежби по следниве предмети: Маркетинг менаџмент и стратегиски маркетинг, Претприемништво, Транспорт и логистика. Од своето вработување до сега, зависно од активните предмети во семестар, кандидатката се вклучува во одржување на вежби по претходно споменатите предмети.

Во текот на својата професионална кариера, кандидатката има објавено голем број трудови во домашни и меѓународни списанија. Во прилог е табелата со сите трудови што ги има кандидатката, а во продолжение ќе биде прикажана кратка евалуација на научните трудови од последниот избор (избор во звање асистент) до овој период.

**Листа на трудови на кандидатката ас. д-р Моника Арсова**

На почеток, накратко објаснување за првите пет труда кои се наведени во табелата, а се објавени во меѓународни научни списанија во последните пет години.

Првиот труд го покажува влијанието на глобализацијата врз логистичките процеси како дел од синџирот за снабдување. Секој од тие процеси има свое влијание и влијае на секоја од активностите во синџирот.

Вториот труд укажува на важноста која дигиталниот маркетинг ја игра во развојот на малите и средни претпријатија. Нивниот постојан недостиг на финансиски и човечки кадар во голема мера може да биде потпомогнат од страна на дигиталниот маркетинг.

Третиот труд укажува на новите можности кои се јавуваат во работењето на компаниите по пандемијата предизвикана од Ковид-19. Односно, денес потрошувачкото однесување е насочено кон онлајн купување на производи што им дава можност на компаниите да го развиваат овој начин на продажба.

Претпоследниот труд ги покажува резултатите од онлајн анкетата во која испитаниците објаснуваат како ги користат различните комуникациски медиуми (телевизија, радио и сл.) по започнување на пандемијата Ковид-19. Истражувањето укажува дека телевизијата е број еден кај нив, радиото е втор избор.

Последниот труд од табелата зборува за глобалните текови кои имаат големо влијание врз работата на компаниите, особено модерните технолошки компании

како „Huawei", предизвикуваат постојана трка со конкуренцијата. За одржување на позицијата и нејзино унапредување од нив се бара постојано надградување на маркетинг стратегијата.

6. Temjanovski, Riste and Arsova, Monika (2023) *Promoting sustainable rural economic development: how to embrace new knowledge and innovation through the coworking space model.* Macedonian international Journal of Marketing, 9 (17). pp. 5-14. ISSN 1857-9787

Прикажана е важноста на моделот coworking простори преку кои жителите во руралните средини може да добијат различни знаења и да слушнат за иновациите. Се зборува за потребата од примена на овој модел во нашата земја, која се чини не ги искористува доволно капацитетите и моментално функционираат само девет во Македонија.

7. Arsova, Monika and Temjanovski, Riste *(2023)* Logistics costs and their impact on performance. Journal of Economics, 8 (1). pp. 55-67. ISSN 1857-9973

Ефикасното и ефективно функционирање на логистичкиот систем во една национална економија во голема мера има свое влијание врз перформансите кои бизнис заедницата во рамки на економијата ќе ги остварува. Оттука, огромното влијание на дигитализацијата и глобализацијата како процеси врз логистичките системи помага да се направат одредени заштеди од страна на ентитетите.

8. Temjanovski, Riste and Arsova, Monika and Dimitrova, Janka (2022) *How humanities can tackle with the consumption and greenhouse effect: through the prism of green logistics.* Journal of Economics, Vol.7 (No.2). pp. 48-58. ISSN 1857-9973

Глобализацијата преку своите процеси предизвикува одредени проблеми кои се насочени кон транспортот и логистиката. Оттука, мора да се следат современите технолошки трендови и различните идеи за зелена логистика и зелена инфраструктура. Преку нивна примена, целта е да се создаде одржлива вредност за компаниите во рамки на националните економии и надвор од нив.

9. Temjanovski, Riste and Dusko, Todeski and Arsova, Monika and Dimitrova, Janka (2022) *Monte Carlo simulated stress test scenario on the case of Macedonian logistic companies.* Journal of Economics, 7 (1). pp. 19-26. ISSN 1857-9973

Различните транспортно-логистички претпријатија во рамки на земјата имаат можности да ги намалуваат своите трошоци и притоа да остваруваат поголеми профити. Во рамки на трудот се анализира потенцијалот на примена на Монте Карло симулација на вредностите на нето приходите. Добиените резултати од симулацијата сугерираат дека за 2020 година има мала корист, но ако се одржува добриот резултат тие може да имаат голема корист во блиска иднина.

10. Arsova, Monika and Temjanovski, Riste (2022) *Entrepreneurial education in emerging countries: how to keep abreast with global competitive needs.* In: 9th International scientific conference - Technics and Informatics in Education, 16-18 Sept 2022, Cacak, Serbia.

Претприемачите играат важна улога во функционирањето на една економија, а притоа нивните знаења, вештини и способности се од голема важност. Осврт на трудот се дава на потребата од универзитетско образование од областа на претприемништвото во земјите во развој, со цел оспособување на кадри кои ќе може да се носат со предизвиците на модерниот живот.

11. Mitreva, Mila and Arsova, Monika and Jovanov, Tamara and Fotova Cikovikj, Katerina (2022) *Consumer media habits of emerging adults vs. media investment trends of companies during Covid-19.* 8th REDETE Conference.

Паралелните однесување на потрошувачите од аспект на користењето на социјалните медиуми и од друга страна инвестициите на компаниите во развој на комуникацијата на различни платформи во време на пандемија предизвикана од Ковид-19 се прикажани во резултатите по спроведена онлајн анкета. Резултатите покажуваат дека за потрошувачите Фејсбук како социјален медиум е поважен за споделување на вести за разлика од телевизијата. На другата страна компаниите своите вложувања во време на пандемијата ги насочиле кон социјалните мрежи наспроти традиционалниот медиум – телевизијата.

12. Arsova, Monika and Temjanovski, Riste (2022) *Дигитализацијата на логистичките активности – перспективи на Република Северна Македонија.* In: Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век, 30 Apr 2022, Stip.

Потребата од дигитализацијата во развиените земји е дел од секојдневието и се наметнува како потреба, додека кај земјите во развој овој процес се уште е на почеток. Република Северна Македонија како една од земјите во развој не може да се каже дека има дигитализирана логистичка индустрија, па следејќи ги светските практики треба да усвои голем дел од дигиталните решенија преку кои ќе обезбеди подобра логистичка инфраструктура и индустрија.

13. Arsova, Monika (2021) *Дигитален маркетинг – главна алка во градењето „постковид" дигитално општество.* Center for Innovation and Development INOS Prilep.

Важноста и примената на дигиталниот маркетинг како една од алките кои се неопходни за модерните општества да може да изградат една дигитализирана заедница. Иновациите во маркетинг каналите кои се случуваат постојано мора да бидат модифицирани, дигитализирани за да се олесни овој процес.

14. Temjanovski, Riste and Bezovski, Zlatko and Arsova, Monika and Sofijanova, Elenica (2021) *Circular Economy, resources and environmental metabolism.* Journal of Economics, 6 (2). pp. 22-36. ISSN 1857-9973

Циркуларна економија е онаа во која производите се рециклираат, поправаат или повторно се користат наместо да се фрлаат, а во кој отпад од еден процес станува влез во други процеси. Предизвиците во циркуларната економија се долгогодишни и клучно за справување со исцрпувањето на ресурсите и новите еколошки проблеми со кои се соочува човештвото.

15. Arsova, Monika (2021) *Blockchain technology and its impact on logistic enterprise performance.* Knowledge – International Journal, 46 (1). ISSN 2545-4439

Влијанието на модерната технологија претставена преку blockchain технологијата врз транспортно-логистичките процеси во секоја една национална економија има свое влијание. Оттука, потребата да се води грижа за нејзино унапредување и подобрување е разбирлива, а на тој начин ќе има позитивно влијание врз работата на логистичките претпријатија од аспект на подобрени перформанси, заштедени трошоци и време.

16. Arsova, Monika (2021) *Modern logistic technological trends -main drivers in the global industry.* Knowledge – International Journal, 46 (1). ISSN 2545-4439

Процесот на промени на глобализацијата е природно продолжение на развојот на науката, модерни технологии, пазари, општества итн. Аналогно на тоа, промените си имаат свое влијание и врз логистичките процеси. Логистиката е брзорастечка индустрија која има влијание и нуди решенија во други области, односно има синергија со другите индустрии. Тоа имплицира условеност и поврзаност со други сектори – индустрии. Новите трендови го формираат патот

по кој модерната логистика компаниите треба да преземат за да преживеат на меѓународните пазари.

17. Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2021) *The adoption of e-commerce trends and the financial performance of SMEs in the Balkan region.* In: 2021 International Summer School, 20-22 Sept 2021. (In Press)

Трендовите на електронска трговија се во постојан раст по појавата на пандемијата предизвикана од Ковид-19, а тоа значи поставување на нов „дигитален бизнис свет" во кој компаниите кои сакаат да опстанат мора да се приспособуваат. Таквите агилни промени кои се бараат предизвикуваат големи тешкотии за малите и средни претпријатија на Балканскиот Полуостров. Таквите промени имаат и големо влијание врз нивните финансиски перформанси.

18. Arsova, Monika (2020) *The importance of location in transport -logistics companies.* Journal of Economics, 5 (1). ISSN 1857-9973

Локацијата како фактор за успешност на еден бизнис има големо влијание, особено ако се зборува за транспортно-логистички претпријатија. Нивната поврзаност со сообраќајот и инфраструктурата се особено важни и имаат влијание врз резултатите кои ќе ги остваруваат.

19. Temjanovski, Riste and Arsova, Monika (2020) *Logistics education in Universities in 21st century: new trends and challenges.* In: Proceedings TIE 2020 8th International Scientific Conference Technics and Informatics in Education, 18-20 Sept 2020, Čačak, Serbia.

Големата поврзаност на образованието со бизнисот и претприемништвото се истакнуваат постојано, па оттука потребата да се вклучат различни економски процеси и појави во рамки на образовните програми на универзитетите. Како една од поважните економски појави е логистиката, која игра клучна улога за развој на едно општество, заслужува да добие добар третман и да биде вклучена во образовните програми, односно да се даде простор за оваа проблематика.

20. Temjanovski, Riste and Arsova, Monika and Ignjatov, Ivan (2019) *Bicycle transport: Towards urban mobility or new culture symbol for healthy society.* Journal of Economics, 4 (2). pp. 18-27. ISSN 1857-9973

Целта на Европската комисија за 60% намалување на емисиите на стакленички гасови до 2050 година ќе бараат значителни дополнителни мерки. Една од овие мерки е изградба и проширување на велосипедската инфраструктура, пешачките зони, спортски и парковски површини кои поттикнуваат здрави и рекреативни обичаи. Истражувањата покажуваат дека велосипедската индустрија, велосипедскиот туризам и здравствените придобивки од возење велосипед создаваат здрава популација, нови работни позиции, алтернативни форми на економска активност и заштеда на трошоци.

21. Temjanovski, Riste and Arsova, Monika (2019) *Review of global menace of road traffic accidents with special reference to Macedonia - a economic and health perspective.* Journal of Economics, 4 (1). pp. 1-8. ISSN 1857-9973

Ниту една човечка активност ги подобрила толку многу благосостојбата и животниот стандард што придонесува најмногу за развојот на цивилизацијата, како „сообраќајната удобност", но истовремено ниту една човечка активност не зафати толку многу човечки животи во мирновременски услови, како сообраќајот.

22. Arsova, Monika and Temjanovski, Riste (2019) *Strategy for market segmentation and differentiation: contemporary marketing practice.* Journal of Economics, 4 (1). pp. 27-35. ISSN 1857-9973

Меѓународниот маркетинг се интензивира и се приспособува на сите аспекти од секојдневниот живот на потрошувачот. Ова е особено важно за компаниите кои работат на повеќе пазари. Создавањето и формулирањето на маркетинг стратегија е многу важно и бара многу ресурси и време за да се постигнат поставените цели. Претпријатијата во новиот милениум се соочени со предизвикот да го најдат вистинскиот начин за потрошувачите.

23. Temjanovski, Riste and Arsova, Monika (2019) *Logistic planning strategy in order to sustain the solution of the tourist region.* In: International Conference: Multidisciplinary Academic Conference, 8–10 Aug 2019, Prague, Czech Republic

Туризмот може значително да придонесе за регионалниот развој, но може да има и катастрофални ефекти врз природата и општеството. Од друга страна, поважните логистички барања кои се однесуваат на индустриските зони и урбаните центри, како носители на логистички услуги со кратки и строги рокови за испорака, точноста и флексибилноста се пречка и судир за туристичките гости. За да се отстранат негативните ефекти во реализацијата на логистичките текови и да не се нарушат природно-географските и амбиенталните услови во туристичките зони, идејата за подобрувањето на постоечките решенија за дистрибутивниот систем би довела до „win-win" ситуација за сите учесници во соодветниот географски регион.

24. Temjanovski, Riste and Arsova, Monika (2019) *Transport Policy to create a Western Balkans market: How to mirror the EU's experience.* In: 5th Annual International Conference on Transportation, 3-6 June 2019, Athens, Greece.

Во целата слика за обединета Европа останува еден дел да се склопи, а тоа е Западен Балкан. Овој регион е економски неразвиен и ранлив, социјално нестабилен и политички возбуден, но она од каде што треба да се почне за да се вклопи во големата слика е подобрување на транспортните и комуникациски врски. Транспортни врски меѓу земјите од Западен Балкан, со сите придружни економски, политички и административните приспособувања може да придонесат за реализација на единствениот пазар како клучен фаза на развој на обединета Европа

25. Arsova, Monika and Temjanovski, Riste (2018) *Marketing innovation in distribution channels in Macedonian enterprises.* Macedonian International Journal of Marketing, 7. pp. 41-48. ISSN 1857-9787

26. Temjanovski, Riste and Arsova, Monika (2018) *Transport policy crucial factor for business competitiveness: effects and consequences.* Macedonian International Journal of Marketing, 7. pp. 33-40. ISSN 1857-9787

27. Temjanovski, Riste and Dimitrova, Janka and Arsova, Monika (2018) *Correlation between the road infrastructure and sustainable rural mobility: EU - Macedonia practices and needs.* Journal of Economics, 3 (1). pp. 1-11. ISSN 1857-9973

28. Arsova, Monika and Temjanovski, Riste (2017) *The use of European funds for infrastructural development in the rural development in the Republic of Macedonia.* Journal of Economics, 2 (2). pp. 1-13. ISSN 1857-9973

29. Temjanovski, Riste and Dimitrova, Janka and Arsova, Monika (2017) *The roads as civilization symbol or brain drain booster: Culture changes in spirit of global challenges.* "Journal of Economics", Faculty of Economics, University Goce Delcev, Stip, Macedonia, 2 (1). pp. 11-23. ISSN 1857-9973

30. Arsova, Monika and Temjanovski, Riste (2017) *Влијанието на промоцијата врз деловниот успех на претпријатието „Витаминка" – Прилеп.* Годишен зборник, Економски факултет, 12 (9). pp. 161-168. ISSN 1857-7628.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

- Кандидатката од својот избор па натаму постојано учествува во најразлични проекти, домашни и меѓународни организирани на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Дел од тие проекти се: Стратегиски развој и оперативен план на Центар за кариера и развој на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип; меѓународниот научен проект „Business eco system as an integrated system-Be In“ и сл.
- Кандидатката има учествувано во Пописна комисија на Универзитет „Гоце Делчев“ во 2022 година.
- Од својот избор до сега кандидатката има учествувано во повеќе работни групи како: организација за настан „120 години од смртта на Гоце Делчев“, организација на настан „Патронен празник на УГД“, организација на настан „Прв академски час“, организација на настан „УГД Форум за развој на образование / УГД форум за младинско учество во образованието“.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз база на приложените документи од страна на пријавената кандидатка д-р Моника Арсова, кои детално беа прегледани и валоризирани според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува нејзината наставно-научна, научноистражувачката и стручно-апликативна дејност.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да ја избере д-р Моника Арсова во звање доцент за наставно-научната област маркетинг и маркетинг менаџмент.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Ристе Темјановски, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Тамара Јованов-Апасиева, вонреден професор, член, с.р.
Д-р Ленче Петреска, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **4** | Избор во звање асистент | 1 | 15 | / | / | 15 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **15** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **4** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)<br><br>Прв автор: 1, 3, 5, 7, 10, 22<br>15,16,18 – единствен автор<br><br>Втор автор: 2, 6, 8, 20, 21<br>Трет или останат автор: 4, 9, 14 | 6 x 9 поени = **54**<br><br>9 x 1,3= 11,7<br>Три труда по 11,7 = **35**<br><br>5 x 6 поени = **30**<br><br>3 x 3 поени = **9** | | / | / | 128 |
| **10** | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | / | / | 8 |
| **12** | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | / | / | 4 |
| **14** | Учесник во научен проект | 2 | 2 | / | / | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **144** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **13** | Учесник во научен проект | 1 | 5 | / | / | **5** |
| **27** | Член на универзитетски или владини тела | 4 | 5 | / | / | **20** |
| **29** | Член на институтски орган, комисија | 1 | 2 | / | / | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **27** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **186** |

# РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „РАДИОЛОШКА АНАТОМИЈА НА ЧОВЕКОТ” -СПЕЦИЈАЛЕН ДЕЛ ОД АВТОРИТЕ ДОЦЕНТ Д-Р ЈАСМИНКА ЧАБУКОВСКА-РАДУЛОВСКА И ДОЦЕНТ Д-Р ТАЊА ПЕТРОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-113/71 од 320. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 30.5.2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Антонио Глигориевски, редовен професор на Факултетот на медицински науки при Универзитет Гоце Делчев - Штип, избран во научната област клиничка медицина - радиологија, според меѓународната Фраскатиева класификација, 30221;
- д-р Светлана Јовевска, редовен професор на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев “- Штип, избрана во научната област базична медицина – анатомија, според меѓународната Фраскатиева класификација, 30100

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „РАДИОЛОШКА АНАТОМИЈА НА ЧОВЕКОТ” - специјален дел од доц. д-р Јасминка Чабуковска-Радуловска и доц. д-р Тања Петровска**,** наменет за студентите на прв циклус на тригодишни стручни студии за физиотерапевти на Факултетот за медицински науки – физиотерапевти на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Ракописот со наслов „РАДИОЛОШКА АНАТОМИЈА НА ЧОВЕКОТ” – специјален дел припаѓа во научната област клиничка медицина - радиологија според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Назив на ракописот:** Доставен наслов „Радиолошка анатомија на човекот” - специјален дел, по предметот Радиолошка анатомија, наменет за студенти на прв циклус на тригодишни стручни студии за физиотерапевти на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет.

**Назив на предметната програма:** Радиолошка анатомија.

**Назив на студиската програма:** Тригодишни стручни студии за физиотерапевти.

**Фонд на часови и ЕКТС-кредити:** 60 часа и 4 ЕКТС кредити.

Предметот Радиолошка анатомија е задолжителен предмет на тригодишните стручни студии за Физиотерапевти на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, со фонд на часови 60, број на ЕКТС кредити 4 и се слуша во IV семестар.

**Реден број на изданието:** Ракописот кој е предаден на рецензија содржи текст поделен во 9 поглавја, напишан на компјутер во формат А4, со фонт Arial 11, Regular, Justify со проред 1.

Ракописот содржи 549 слики, од кои 241 илустрации и 308 слики со радиолошки приказ на анатомијата на човекот.

Референтната литературата е наведена на крајот на поглавјата.

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот според обемот и содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Скриптата е напишана во време во кое студентите се уште немаат соодветна литература на македонски јазик, ниту конзистентна литература форматирана во вид на учебно помагало по соодветниот предмет за радиолошка анатомија.

Ракописот со својата содржина и опфат на материјалот ги задоволува барањата на наставната материја по именуваниот предмет и ќе им овозможи на студентите стекнување на знаења кои ќе им бидат неопходни за совладување на задачите од дадениот предмет и ќе им помогне во нивната понатамошна медицинска пракса.

Скриптата ги покрива сите области од радиолошката анатомија на човекот, од теориска перспектива, како и низ бројни практични радиолошки прикази на органски системи со посебен осврт на радиодијагностичките процедури кои се спроведуваат за иследување на системите и органите поединечно.

Во рамките на 9 поглавја опфатени се радиолошките концепти за човечката анатомија низ теоретски објаснувања и радиолошки прикази на мускулоскелетниот систем (горен и долен екстремитет, градниот кош со белите дробови и срце, уринарниот систем, системот на органите за варење, хепатобилијарниот систем, ’рбетот, скелетот на главата и скелетот на лицето, со посебен осврт на радиолошките експресии на прикажаните елементите од секој орган и систем поединечно.

Скриптата содржи 549 слики, од кои 241-а илустрација и 308 радиолошки слики кои се неопходни за стекнување соодветни знаења од областа на радиолошката анатомија, како база на која се надградуваат понатамошните тераписки форми за третман на пациентите.

Скриптата започнува со наслов и предговор од авторите во врска со мотивот за изработката на истиот.

Следува содржината со насловите и поднасловите од секое од напишаните 9 поглавја.

Во првото поглавје, насловено како „Радиолошка анатомија на горен екстремитет“, базично се објаснети главните анатомски делови на горниот екстремитет, функцијата, радиолошкиот приказ, како и радиолошките методи за иследување на истиот.

Во второто поглавје „Радиолошка анатомија на долен екстремитет" се дадени анатомските делови на скелетот на долниот екстремитет, мускулните припои и зглобовите на долен екстремитет, како и осврт на функцијата на екстремитетот. Прикажани се и радиодијагностичките методи кои се користат во испитувањето на промените на овој дел од човечкото тело.

Во третото поглавје со наслов „Радиолошка анатомија на градниот кош“ со опфат на содржината во него (бели дробови и срце), даден е опис и радиолошки приказ на анатомските структури на градниот кош, белите дробови и срцето. Посебно се нагласени дијагностичките модалитети кои се користат при патолошките промени на скелетниот дел на градниот кош, промените на белите дробови и срцето. Дадени се примери за важноста на сенките и просветлувањата во формирањето на сликата при нормалната анатомија и при патолошки промени.
Четвртото поглавје „Радиолошка анатомија на уринарниот тракт“, авторите го започнуваат со осврт на анатомијата на уринарниот тракт и приказ на анатомските структури со помош на рендгенографија и интравенска урографија. Даден е и осврт дијагностичките модалитети како компјутерска томографија и магнетната резонанца. Исцрпно се опишани методите за преглед на уринарниот тракт, со објаснување за нивно изведување и индикација.

Во петтото поглавје „Радиолошка анатомија на абдоменот” е даден детален опис на абдоминална празнина и органите во неа, како и на дупликатурите, малиот, големиот оментум, епиплоичниот отвор. Дадена е поделбата по региони во абдоменот и опишани се сите интра и ретроперитонелани абдоминални органи. Посебно значење е дадено и на индикациите за преглед на абдоменот и радиодијагностичките модалитети за испитување на абдоменот како: нативната радиографија на абдоменот, ултразвук, компјутерската томографија, артериографијата, магнетната резонанца.

Во шестото поглавје „Радиолошка анатомија на хепатобилијарниот тракт” е прикажана анатомијата и радиолошката анатомија на црниот дроб, панкреасот, слезената и хепатобилијарното стебло, со приказ на интра и екстрахепаталните жолчни патишта. Прикажани се и радиолошките методи за евалуација на промените на органите во овој тракт, како и индикациите за преглед. Даден е и осврт на МРЦП како релативно нов дијагностички модалитет во испитувањето и докажувањето на промените во билиарното стебло и проодноста на билијарните патишта.

Во седмото поглавје „Радиолошка анатомија на ’рбетниот столб” е даден исцрпен опис на анатомијата на ’рбетниот столб, физиолошките кривини и сегменти, мускулите на грбот, ’рбетниот канал, ’рбетниот мозок и ’рбетните нерви. Прикажани се сите заеднички карактеристики на прешленските тела, како и посебните карактеристики на сегментите од ’рбетниот столб на: цервикалниот, торакалниот, лумбалниот, сакралниот и кокцигеалниот дел. Прикажани се поединечно и специфичните прешлени на атласот и аксисот, како и нивните меѓусебни зглобувања (атлантоаксијалните зглобувања) и атланто-окципиталниот зглоб. Даден е и посебен осврт на лумбосакралната транзициона зона и нејзиното значење. Потенцирана е функцијата на ’рбетниот столб и значењето за правилно држење на телото. Даден е приказ на радиодијагностичките методи на испитување на ’рбетот со приказ на структурите, функционалните испитувања, приказ со компјутерска томографија и магнетна резонанца како златен стандард.

Во осмото поглавје „Радиолошка анатомија на главата” е прикажана поделбата на невро и висцерокраниум, при што посебно е обработен делот на невркраниумот и секоја коска што учествува во неговата градба, како и приказ на мозочните јами и нивното значење. Низ бројни примери и слики прикажани се анатомските делови и радиолошката анатомија на орбитата, инфратеморалната и птеригопалатинската јама.

Прикажани се радиодијагностичките методи на иследување на неврокраниумот, започнувајќи од краниограмот, специјалните проекции за база на краниум, орбити, турското седло, преку компјутерската томографија, КТ артериографијата и магнетната резонанца, како и ПЕТ скенот.

Во деветтото поглавје „Радиодијагностика на коските на лицето" е даден исцрпен опис на анатомската градба и радиолошкиот приказ на секоја коска поединечно, како и на посебните проекции за приказ на зигоматичните коски, параназалните синуси и темпоромандибуларните зглобови. Посебно е даден опис и на носната празнина и носните коски, параназалните синуси и нивната улога во респирацијата и сетилноста за мирис. Поглавјето завршува со индикациите за преглед и радиодијагностичките методи кои се користат.

На крајот е наведена целата користена референтна литература, цитирана според АРА стилот, алфабетски.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на веќе изнесените образложенија во врска со овој ракопис заклучуваме дека истиот го поддржуваме во целост и предлагаме истиот да се стави во електронска форма или печати како скрипта по предметот Радиолошка анатомија, примарно наменет за студентите по физиотерапија во четврти семестар на тригодишните стручни студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

Д-р Антонио Глигориевски, редовен професор, с.р.

Д-р Светлана Јовевска, редовен професор, с.р.

**ПРЕГЛЕД**
**на прифатени теми за изработка на докторски трудови од Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3**

| | Број и датум на Одлука за прифаќање на темата | Назив на темата | | Име и презиме на ментори | Име и презиме на студент |
|---|---|---|---|---|---|
| | | На македонски јазик | На англиски јазик | | |
| ФМН | 0206-519/5 од 26.6.2024 | Синтеза, физичко-хемиска карактеризација и студија за стабилност на лифилизирани имуноконјугати на Даратумумаб - радиофармацевтски препарати за целна терапија | Synthesis, physico-chemical characterization and stability study of freeze-dried Daratumumab immunoconjugates - radiopharmaceuticals for targeted therapy | Емилија Јаневиќ-Ивановска, интерен ментор, научен советник; д-р Сања Врањеш-Ѓуриќ, екстерен ментор | Паулина Апостолова |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| Билтен 1.7.2024 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА | 1. Примена на техники за машинско учење кај системи за генерирање препораки | 1502-124/20 од 31.8.2023 год. | Проф. д-р Цвета Мартиновска-Банде | Каролина Ристовска |
| | 2. Користење на BPMN за анализа и моделирање на ERM I CRM информациски системи | 1502-89/8 од 10.6.2024 год. | Проф. д-р Зоран Здравев | Александра Николова |
| | 3. Развој и имплементација на нова графичка автентикација за паметни уреди на допир | 1502-89/8 од 10.6.2024 год. | Проф. д-р Александра Милева | Дарко Цебов |
| | 4. Истражување за примена и имплементација на веб базиран систем за мониторинг и управување со работна средина во образовни и едукативни институции | 1502-89/10 од 10.6.2024 год. | Проф. д-р Александар Крстев | Ивана Цебова |